СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од првото продолжение на Четириесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 јуни 1992 година

Скопје, јуни 1992 година

**40-ТА СЕДНИЦА, I-ВО ПРОДОЛЖЕНИЕ, ОДРЖАНА НА 3.VI.1992 г.**

ДНЕВЕН РЕД: ПРЕДЛОГ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СО ОПШТЕСТВЕН КАПИТАЛ


1. СТОЈАН АНДОВ 1
2. МИТКО АНАСТАСОВСКИ 5
3. ГАЗМЕНД АЈДАРЕГА 8
4. ДРАГИ АРСОВ 44
5. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ 47
6. ФАИК АБДИ 49
7. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ 1
8. ДУШКО ЃОРЃЕВСКИ 10
9. ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ 54
10. СИМЕОН ИВАНОВСКИ 62
11. ЉУБИСАВ ИВАНОВ 64
12. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ 21
13. ЕФТИМ МАНЕВ 41
14. ТОДОР ПЕТРОВ 29
15. ТОДОСИЈА ПАУНОВ 55
16. НЕИМ СЕЛМАНИ 3
17. ФЕРИД САДИКУ 28
18. РИСТО СТАНКОВСКИ 67
19. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ 14
20. ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ 25
21. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ 17


ПРОДОЛЖУВА

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**Од првото продолжение на Четириесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 јуни 1992 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1), со почеток во 10,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа. Пратениците Душан Трпчевски, Благоја Чкатроски, Јордан Зафиров, Горѓи Бојковски, Ристо Ќелешов и Борис Змејковски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Има збор Владимир Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Денес македонскиот Парламент разгледува еден од најзначајните закони за натамошниот развој на Република Македонија.

Денешнава расправа со внимание се следи во светот, од тоа каков став ќе завземеме по овој закон ќе зависи и односот на меѓународниот капитал кон Република Македонија.

Во досегашните предизборни и собраниски расправи за идното уредување на Република Македонија водевме вербални и декларативни дискусии. Денес конкретно ќе се изјасниме за општествено- економското уредување на земјата. Определбите, "за" или "против" овој закон се јасна индикација дали сме за на стаускво состојбата која не е ништо друго туку неокомуипзам, или за. измена на. материјалната основа на која тој реално егзистира.

Од тука за мене нема дилема, дали треба да се подржи овој законски проект. Несомнено е дека тој нуди приватизација, т.е. менување на општествената... сопственост во некој од познатите сопственички видови и дека го отвора и подржува процесот на реприватизација, односно за враќање на национализираниот имот на поранешните сопственици.

Затоа изненадува неподржувањето на овој предлог за донесување на закон од страна на некои партии, кои инаку вербално се изјаснуваат за концептот за граѓанското општество, за приватна сопственост, што и на вчерашната расправа се потврди. Имено пратениците во најголем број само начелно во своите воведи ја прифаќаа потребата од донесувањето на ваков закон, но во понатамошниот тек на своите дискусии конкретниот законски проект го оспоруваа.

Тоа има своја логика во присуството на две негативни политички тенденции во Републиката на кои неодамна веќе укажав.

1. Социјал-утописката (лумпер- пролетерската) при што доминира демагошкото додворување на граѓаните на Македонија.
2. Спротивставувањето на граѓанскиот концепт од страна на сепаратистичкиот и национал хегемонистичкиот модел на албанскиот експанзионизам.

Почитувани пратеници,

Ние денес мораме да го подржиме овој закон. Зошто со тоа ја подржуваме основната пазарна филозофија. Се разбира и мојата Партија има конкретни забелешки по бројни решенија во законот. Но тие се насочени кон подобрување на квалитетот на решенијата, а не како што се прави од оваа говорница, под плаштот на забелешки да се одложи односно попречи донесувањето на овој Закон.

Не сум изненаден од ставовите на левите партии. Тие сакаат да се прикажат како претставници на интересите на работничката класа, но да не заборавиме и тие се определија за социјалдемократија, а не за комунизам. Меѓу тоа ме збунува фактот што партиите кои програмски се сметаат за граѓански, всушност проповедаат популизам од најопасен вид. Тие шпекулираат со сегашната тешка материјална состојба во Републиката, со нискиот стандард на работниците и слично.

Не е ли, господо она што вчера го слушавме од оваа говорница пледоаје за враќање назад за запирање на промените во Републиката ?

За програмската определба, дали да се оди кон приватизација на општествената сопственост, Републиката се определи со донесувањето на новиот Устав. Со уставниот Закон е определено дека со еден од т.н. системски закони ќе се изврши трансформација на општествената сопственост.

Затоа на крај сакам да нагласам дека го подржувам овој предлог на Владата, дека ги подржувам сите досегашни процеси на приватизацијата кои се остварени согласно Законот. При ова имам предвид и ревизија која не би фрлила сомнение врз правната држава.

Се разбира дека подготвувачите ќе треба предлог Законот да го подобрат со сите укажувања.

Според тоа, господо, од Вашиот став кон овој предлог за донесување на Закон за приватизација, ќе се види колку сте Вие за вистински сопственички промени во Републиката, а колку партиите Ви служат за дневна политика, која можеби е атрактивна и прифатлива каско краткорочно решение,но е погубна за натамошниот развој на Република Македонија.

Не заборавете, како што реков на почетокот, развиена Европа не набљудува и од тоа дали ќе се определиме "за" или "против" приватизација ќе зависи и нејзиниот однос кон нас,, се разбира и кон брзината на нашето меѓународно признавање.

**НЕИМ СЕЛМАНИ:**

Дами и господо, скоро сите политички партии во своите програми како мото во предизборната кампања ја имаа трансформацијата односно приватизацијата на општествениот капитал во приватна сопственост. Без сомнение дека овој закон е судбоносен за општествената сопственост ако се има во предвид како во минатото мислам е одземен, па е даден на друг а сега треба да го вратиме. Општеството што помина се карактеризира со тоа што од богати луѓе направи сиромаси, а обратно од сиромаси направи богати. Како тоа можеме да го коментираме преку разноврсни закони за национализација, експропријација, доделување на плацеви, кредити мислам поволни и слично. Во првата фаза на социјализмот во Југославија и во Македонија кога се носеа сите овие закони, милам беа носени во има на наодот со едно обично решение се одземаше и сите луѓе кои што беа сопственици беа развластени на непоштен начин, така можеме да кажеме денеска после 50 години, а им беа дадени на сосема незаслужни граѓани. Тоа според мене значи дека многу полесно било да се одземе сопственоста со едно обично решение, обичен правен акт на тогашната Влада, им било доделено, односно на користење, на владение а сега треба да се врати. Мислам дека сега е

далеку потешко да се врати отколку кога тоа било одземено. За да овој закон успешно го спроведеме мораме да носиме паралелно други пратечки закони и прописи. Мислам овој закон би бил бесмислен доколку се носи овој закон, а истовремено не носиме и други закони и прописи кои што директно влијаат врз примената на правилноста на примената на овој закон, посебно што до ден денес не е донесен законот за денационализација, деекпропријација, депоседирање и сето тоа што овој закон го прави за да го вратиме. Зошто го велам ова? Ова го велам од причини што за да го одвоиме она што е општествен капитал, нето општествен капитал мораме прво да најдеме, да констатираме дека претпријатието кое што е изградено, да одвоиме тоа што е земјиште, тоа што е кредитирано и тоа целосно да се одвои, па да остане само што е нето, а тоа после ќе оди во постапка за она што треба да биде. Така на пример не можеме да трансформираме капитал на едно претпријатие, а пред тоа да не се расчисти со земјиштето, мислам каде што е изградено тоа претпријатие. Исто така во принцип не сум за радикални промени, ниту за бавни промени на овој закон. Во целост го подржувам овој закон. Ние веќе сме навлезени во една композиција и ние мораме да одиме понатаму независно многу од нашата волја, сакале или не, да продолжиме со ваквите промени, тука сум за реални и објективни промени да се најде она што е правилно за да не ги правиме повторно истите грешки. Тоа значи ако на некој му е одземено своевремено пред 50 години, па за овие 50 години на еден начин веќе тој бил во владение и тоа го користел, а сега да му го даваме на некој трет незаслужен граѓанин. Тогаш ќе направиме огромни грешки, тоа ќе биде многу голема работа за која што мораме во постапката, а што во законот тоа го нема речено децидно, само констатираме дека тие се радикални промени,меѓутоа не кажуваме како ќе го најдеме она што навистина е општествен капитал, она што е стекнато мислам во претпријатието после

откога веќе настапил законот за национализација и слично. Јас потполно се согласувам со законот, а вчера. имаше седница и Синдикатот на Македонија кој што бара минатиот труд да влезе во законот како удел, мислам потполно се согласувам од причини што работникот кој што работел долго време во тоа претпријатие на еден начин освен тоа што го издржувал своето семејство, лично и самиот себе, мислам и на друг начин, на други форми тој се збогатил со тоа што тука има и исклучоци . Тој си направил куќа, си набавил стан, користел поволни кредити преку организација, претпријатие или слично, мислам дека тоа е добро што тука не му е дадено предимство како удел на минатиот труд во претпријатието.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Драги пратеници, не сакав да излезам на говорницата, меѓутоа бидејќи се однесува за еден системски закон со кој Македонија побрзо влегува во редовите на слободните држави во целост го прифаќам законот кој го има дадено Владата, нормално со некои позитивни измени за целиот наш народ. Еден е реков од условите за признавањето на нашата држава, затоа што секојдневно читаме во печатот за државите од исток кои имаа систем поранешен како и ние, еден од условите беше и пазарната економија и трансформација на општествениот капитал. Меѓутоа, сакам да го кажам следното. За да се создадат услови за трансформација на општествениот капитал и да се спроведе приватизацијата во системот кој го градиме најпрво треба да се задржиме на едно мое согледување, но ми се чини дека е и ваше без условување. Треба да донесеме закон, односно агенцијата која се оформува во системот за приватизација, односно во системот за трансформацијата на капиталот да побрза во соработка со органите на правосудството и управата, а и со наша помош да се донесе закон за денационализација.

Стариот систем, не сакам да ги повторувам грешките тоа беше и задача на системот да го доведе стопанството, односно да го зајакне системот со одземањето на многу блага од стопаните. Дури не се вратат одземените не подвижни имовини на стопанот дотогаш не можеме да го забрзаме и процесот за приватизација на капиталот, односно за трансформацијата на капиталот. Нема да се карам со тоа што сите добро го знаеме.

И една друга работа ми падна в очи. Агенцијата си зема за задача во рок од 60 дена да изврши увид и да донесе решение за одземените имоти. Ве молам, тоа е еден краток рок со кои не може да се стигне до саканата цел. Тоа е многу мал рок 60 дена да се врати имотот на еден човек. Тука законот ќе се судри со разни причини односно со разни факти кои не ќе може да ги спроведе. Не сакам да кажам ова Собрание да донесе закон за национализација. Некој ќе рече, каков закон за национализација? Како што се носеше порано закон за национализација на имовините, така да се донесе еден закон за национализација на сите ограбени имоти, а во нивните места системот градеше приватни објекти за некои од владејачката класа. Меѓу вас нема такви? Ми се чини дека нема, затоа што тука гледам помлади луѓе. Меѓутоа, за да се постигне целата која ја бара Европа и која ја бара стварноста и во тој закон кој ќе се донесе треба да се работи системно од експерти кои добро ја познаваат економијата и со помош дури и на надворешни видни експерти од Европа. Главен фактор за спроведувањето на трансформацијата е човекот. Но, кога велиме човекот не само човекот кој треба да ја спроведе тука нормално ќе влезат и сите служби кои работат во системот на државата почнувајќи од просветата до социјалата.

Знам дека ќе има кочници, знам дека некој ќе биде погоден, но што да правиме? нема да го напаѓам стариот систем затоа што доста сме рекле за стариот систем и јас самиот говорев дека ништо немаме сменето од стариот систем, дури на некој начин барем до денес го јакневме. Демократијата и правната држава може да почива врз основи кои ќе ги градиме заеднички. Не можеме да мрднеме ниту една педа, или т се лажеме еден со друг дека ќе створиме правна држава. Јас ќе повторам уште една анегдота: Ако еден става камен другиот го фрла. Не можеме ние да го стигнеме запад наеднаш, веднаш да скокнеме и да ја стигнеме Шведска или Германија. Нормално е тоа. Но, ако сакаме да добиеме прилив на странски капитал.. во нашата држава, тогаш ние мораме да одиме стапка по стапка и да им се доближуваме. Со тоа ние ќе го увериме Запад, односно слободниот свет и самите ние ќе се увериме дека на поднебјето во кое живееме ќе можеме многу полесно и многу побрзо да дојдеме во трансформацијата на тој капитал во нашата држава. Реков дека не сакам да се фрлам во никакви индивидуи, во никакви незаконски работи кои влегле во системот досега. Меѓутоа, од сега треба да се работи паметно, умно и стапка по стапка со помош на стручњаци да се дојде до една цел, до приватизацијата, односно до слободниот пазар преку трансформација на капиталот со закон и со стручност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Газменд Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници.

Јас во мојата дискусија ќе изнесам само некој дилеми што се јавуваат кај мене врзани со предлогот за донесување на Закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Пред да ги изнесам моите дилеми сакам да кажам дека точката што е денеска на дневен ред претставува предлог односно денеска се оценува дали има потреба од донесување на овој Закон а не и предлог на закон.

Од она што имав прилика да се запознам со некои кои што реагираа на прашањето зашто вака се постапува, таков е законот поправо на тоа сакам да укажам дека се работи за Предлог за донесување на закон. Оправданоста за донесување на ваков закон барем од присутните што зедоа збор овде никој не ја оспори туку има место за донесување на таков закон. Меѓутоа не треба да бидеме загрижени бидејќи предлогот што е даден на него можат да се извршат одредени корекции, да претрпи. измени и да се направи таков закон што ќе ни одговара на нашата пракса.

Моите дилеми сврзани со предлогот за донесување на законот се состојат во следното.

Имено, со одредбите на понудениот предлог за донесување на закон е речено во членот 4 став 1 точка Б дека трансформација на општествен капитал не се врши во претпријатијата односно делови на претпријатија кои имаат монополска положба согласно со закон. Кога сме тука. да кажам дека со член 55 став 2 од Уставот на Републиката, Републиката презема мерки против монополската положба и против

монополското однесување на пазарот. Токму поради тоа се поставува прашањето од каде произлегува определбата предвидена во член 4 став 1 точка Б од Предлогот со, која се заштитуваат претпријатијата што имаат монополска положба и му потпаѓаат под удар на овој Закон. Поради тоа сакам да укажам дека и овие претпријатија, во скора иднина треба да дојдат под овој закон зашто и тоа е уставна обврска и не треба да ги заштитуваме.

Второ, недоволно според мене е дефиниран поимот општествен капитал, особено по однос на праша^ето познато по терминот минат труд. И си поставува прашаше што' со него. Мислам дека со право многу пратеници го поставија тоа прашање и мислам дека соодветно место треба да најде и ова прашање во законот.

Со член 13 од Законот е предвидено дека претпријатието е должно да ги изврши сите подготовки за отпочнување на процесот на трансформацијата на општествениот капитал и за трансформација во акционерско друштво и во друштво со ограничена одговорност. Ако тоа не го направат претпријатијата, тоа ќе го прави агенцијата за која овде беше речено дека ќе биде мала. Си поставувам прашање, како мала, кога таа ќе има доста големи ингеренции предвидени и со Предлогот за донесување на законот.

Овој предлог оди чекор напред дури пред донесувањето на Законот за денационализација иако со одредбите од член 25, поранешните сопственици и нивните наследници во рок од 60 дена по огласувањето треба да ги најават евентуалните побарувања од претпријатијата. Претходно тоа упатува на обврската, пред донесувањето на овој закон дека треба да претходни донесувањето на законот за денационализација.

Наредната забелешка ми е што не се дава доволно образложение што претставуваат уделите. Ако тоа се интерни акции, јас лично не се

согласувам бидејќи на нашето стопанство за заживуваше му се потребни квалитетни средства а не, така да се изразам, средства имаш да земаш, јас така ги третирам,сите тие интерни акции. Ништо стопанството односно организациите од тоа не добија. Можеби имаат повеќе штета отколку корист;

Исто така не се согласувам со одредбата на член 48 став каде што се вели дека номиналната вредност на дополнително уплатените акции може да изнесува најмногу до 50% од вредноста на општествениот капитал на претпријатието. Зашто такво ограничување? Зарем ова не оди кон запирање на процесите на приватизацијата и кон поголемото ангажирање на странски капитал. Ако така се однесуваме мислам дека ќе направиме голема грешка и не ќе дозволиме барем на оние што се заинтересирани, а и така малку ги има, вистина можеме да ги прифатиме, да внесат поголем капитал во нашето стопанство. . .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Душко Горѓевски.

**ДУШКО ГОРГЕВСКИ:**

Почитувано претседателство почитуван!? пратеници.

Да кажам дека беше крајно време да дојдеме до еден текст на закон што ќе се однесува пред се на трансформација на претпријатијата со општествена сопственост. Во вчерашната дискусија и покрај министерот, многу дискутанти во своите искажувања со низа показатели ги презентираа предностите што од примената на овој закон ќе се добијат во стопанството, избегнувајќи ги реалните проблеми и конфликти на кои ќе се наиде ако се прифати како што е предложен законот во неговото спроведување.

Неминовноста од преструктуирање на претпријатијата со општествен капитал е неоспорна затоа што договорното стопанисување и заедничката заинтересираност и одговорност за оплодување на

капиталот не го положија испитот. Во светот е позната само една единствена алтернатива, а тоа е неминовсност од дефинирање на носителот на капиталот со што се создаваат услови за далеку поголема заинтересираност за негово оплодување, а со тоа се создаваат реални претпоставки за излез од состојбата во која се наоѓаме. Меѓутоа за да се дојде до позиција во која конечно ќе се дефинира носителот на капиталот, најнапред треба да се пропишат норми и критериуми по кои истиот ќе може да го присвојат и поединци и групи итн. се разбира по реална вредност и критериуми со што, еве овој предлог на закон на некој начин се прави еден обид.

Досегашното искуство од примената на Сојузниот закон до неговото суспендирање и покрај честите и позитивни примери укажува на огромен број аномалии, често тешко економски и општествено оправдани. Мислам дека не се главниот и не премостлив грев и интерните акции, и колку да се непоткрепени колку што е по недозволен пат префрлањето на општествениот капитал во приватни претпријатија, на разни начини и со разни криминални дејствија, кое што поради отсуство на одредени/норми и критериуми ниту најповиканите органи и субјекти не можеа целосно и коректно да ги следат. Оттаму не треба да се спориме околу тоа дали треба да се изврши целосен увид во досегашните активности во претпријатијата на полето на трансформацијата и нивната законска оправданост Се ова кажано води кон неминовноста од донесување на закон што мора да ги собере сите досегашни искуства во светот, но мора да содржи и решенија за специфичностите во политичка смисла на трансформации јата на општествениот капитал и да се одвива без поголеми конфликти кои што можат да го доведат во прашање спроведувањето.

Најнапред во законот мора прецизно да се дефинира ставот и односно на државата и на агенцијата кон секое општествено претпријатие имајќи ја предвид нивната специфика и хетерогеност. Неоспорно е во првиот момент дека ќе имаме, по се изгледа подржавуваше на поголем процент од општествениот капитал. До колку истиот во согласност со предвидените норми и економската оправданост се трансформираат во приватни, тоа е вред. Меѓутоа постои сериозна опасност, истиот, поради состојбите што ги имаме а и роковите предвидени со законот да биде во бесконечност и во сопственост на оние кои тоа најмалце го заслужуваат. Оттаму мораме во законот со соодветни норми и решенија да се обезбедиме од овие можни дубиози.

И процената на дефинирањето на општествениот и државниот капитал, и ако тука имаме еден затворен круг пред се кој се однесува на фондовите за неразвиени како и поголем дел од средствата што се собираат по однос на придонеси итн. и покрај се, мора да се дефинира, од кој е создаден поради свесното одредување на она што му припаѓаше на работникот. Јас не тврдам дека се она што не е државно и капитал е на вработените. Меѓутоа истиот откако ќе се одбијат сите наброени ставки во член 6 и 8 може да се дефинира и врати на тие на кои им припаѓа. Аршинот мора и во согласност со Уставот да биде ист како и за оние на кои определен капитал им е одземен.

Вчера овде на говорница беше кажано дека во однос на девизите е направена пљачка на столетие, а ако продолжиме вака да го регулираме со овој закон односот и да се однесуваме вака кон капиталот и делот што припаѓа на вработените, ќе се судриме со една ситуација, која што можеби ќе значи и ќе биде пљачка на столетието, односно одземаше на определен капитал од вработените на кои што неминовно им припаѓа.

Исто така мора прецизно да се дефинира улогата, ингеренцијата и задачите на агенцијата. Се поставува и прашањето дали таа воопшто е и потребна. Истата со предложениот текст има преголеми овластувања, а пак дури и во согласност со Владата да именува и принудни управи и управен одбор. Постои опасност од појава на неоправдана распродажба на капиталот, затоа што ако е непобитно дека вработените во општествениот сектор не се загрижени за капиталот со кој располагаат, кој е доказот дека агенцијата па и од неа некоја задолжена организација, некоја неутрална организација, ќе биде загрижена за правилна оценка и вреднуваше на туѓ капитал.

Сериозно е прашањето на поделбата на претпријатијата на мали средни и големи и мерките што се предвидени за трансформација Овде беше укажано и на можностите за аномалии на давањето на управување на големи претпријатија, на акционери кои што купиле 10% од капиталот. Вработените во сите претпријатија кој што ќе мора да се трансформираат треба под исти услови да учествуваат во купувањето на акциите. Времетраењето на трансформацијата мора да се продолжи и предвидените рокови да се усогласат според условите и можностите како би се избегнале конфликтите пред се од социјален карактер а би го оневозможиле спроведувањето на законот.

Сметам дека законот треба да се донесе во нормална процедура и со рокови што ќе обезбедат време и услови за темелно проучување и расправа по текстот и на нацртот и на предлогот на закон како би го избегнале досегашното искуство каде често грешевме и да бараме да се промениме на донесените закони. На крајот без квалитетна и материјално поткрепена социјална програма што ќе ги санира можните социјални тензии и конфликти нема шанса за конкретно спроведување на еден вака радикален закон.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Во врска со предлог за донесување на Законот за трансформација на општествената сопственост би сакал да дадам едно свое видуваше, кое мислам дека ќе биде аргументирано. Со ова сакам да ги предочам причините за донесување на овој закон. Во моментот на енормна инфлација, социјална, економска политичка криза, загрозеност на македонската државност, немање можност за егзистенција на огромен број на граѓани, неминовно наметнува донесување на закон кој би требало колку толку барем во почетокот да даде резултати, а за во иднина консолидацијата на економијата и државата. Не би сакал многу да навлегувам како функционираше општествената сопственост, HQ колку за потсет дека се изградени огромен број на институции за заштита и управување на истата. Би навел само некој од тие институции кои се создадени за заштита на општествената сопственост.

Судство за заштита на општествената сопственост, создаден е образовен систем за заштита на општествената сопственост дури и децата во градинките ги учевме на самоуправување^ и други системи за заштита на истата, па под закрила на горенаведените институции се изврши, распад на општествената сопственост, бирократизам, црвена буржоазија и директори назначени од Централниот комитет на комунистите на Македонија, привилегираност поделба на богати и сиромаси, економска пропаст на работникот и богатење на одредени олигархии на негова сметка. Горенаведените аргументи се главна причина за економско- социјалната и политичка криза во Македонија. Уште со формирање, ВМРО ДПМНЕ се определи за приватизација на општествениот капитал како единствен излез од длабоката економска криза во која сеуште се наоѓа Македонија. Не знам другите партии колку се залагаат за приватизација, но мислам дека кај нив преовладуваше доминацијата на општествената сопственост. А, зашто? Многу лесно може да се одговори, затоа што целиот општествен капитал беше и се уште е во нивни раце. Како аргумент, нека ги пребројат пратениците од левите партии колку само директори имаат во своите редови, а за пошироко не сакам да дискутирам, Следствено одговорност за сегашниве катастрофални состојби во економијата и социјалната. имаат токму комунистичките директори кој во името на владеење на работникот извршија и сеуште се вршат низа финансиски малверзации и лов во матно и тоа во време кога работникот нема веќе од што да опстојува. Се

случуваа чудни трансформации од претпријатија со општествена сопственост во акционерски друштва. За мене е несварливо како Владата едноставно замижуваше и сеуште замижува пред оваа проблематика. Впрочем и не е ништо чудно ако некој од актуелните министри се акционери во некој македонски претпријатија а и пошироко. Основни услови за трансформацијата на општествената сопственост е претприемништвото кој поаѓа од следните елементи од профитабилност и мотивираност за успешно работење со соодветна награда.

Впрочем јавно треба да се слушне дефинирањето на јавната и државната сопственост, и без дефинирање на овие две сопствености прашање е дали треба да се донесе закон за приватизација. Пред донесување на Законот за трансформација треба да се слушне колку изнесува општествениот, државниот и приватниот капитал.

Колку ќе се трансформира општествен капитал во државен или приватен со предложениот закон. Кој ќе врши контрола на трансформацијата, Дали истите оние кои досега учествуваа во трансформацијата, агенцијата или СОК кој би требало да ги обелодени, начините и злоупотребите на досегашната трансформација по основ на Законот за личен доход, т.-е. интерните акции. Ако според член 4 не се трансформира општествената сопственост во претпријатијата на железничкиот и ПТТ сообраќај, патниот сообраќај, електростопанството, шумски и водоводни претпријатија, земјоделски претпријатија и задруги и други, а во овие претпријатија отпаѓа над 65% од општествената сопственост. Се прашувам кој дел "од општествената сопственост и за колку посто ќе се трансформира?

Ако се имаат во предвид определбите во Законот дека проценката од општествениот капитал е основа за трансформација, тогаш таа проценка треба да се изврши пред почетокот на трансформирањето од стручни организации. Со предвиденото во предлогот за донесување на Законот за трансформација на општествената сопственост каде за средните претпријатија се предвидува 20% од сопственоста или 10% за големите фирми, како услов за стекнување право на управување и раководење. при неможност за откуп на 51% од сопственост можни се малверзации и злоупотреби како од странски конкурентски фирми, така и од домашните со нивните црвени директори или неокапиталисти со работничка пот кој на. лицитација. нома да учествуваат се со цел да ја намалат вредноста на капиталот.

и со малку вложени средства преку ноќ станат газди. Еден Охис, Железара, Металски завод, Комуна можат преку ноќ со 10% вложен капитал може или да пропаднат во случај на откуп од страна на странски конкурент или пак група директори преку ноќ да станат сопственици со вложен капитал од сомнително потекло.

И уште нешто како сугестија а во врска со Законот би предложил да оди во три фази од кои едната на јавна расправа.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, иако не сум економист, можам да кажам дека и нашите присутни парламентарци, економисти и правници, некои од нив, премногу дадоа елаборираше околу тоа дали сега е моментот еден вака после уставот најважен документ за Републиката така форсирано да се донесува или не, пренесувајќи ги мислењата на општествениците од Крива Паланка, би сакал да предочам некои нивни и мои видувања.

Имено, враќајќи се назад во повоениот период, во времето кога се нудеа одредени програмски реализации за нашата Република, од времето на формирањето на земјоделските задруги,

самите ние знаеме како се одвиваа работите. Имено, поради недостиг на стручен кадар многу лесно беа одбивани одредени програмски така да кажам плански планирани фабрики, со образложение дека во тоа време Македонија немаше доволно стручен кадар кој ќе се фати во костец со една ваква проблематика.

Второ и самите знаеме, особено ние кои сме постари, што стана всушност за да се докаже дека Македонија една од приврзаниците на Русија и на социјалистичкиот лагер/со формирањето на земјоделските задруги таков пустош се направи на аграрот во селата. Тоа е нешто што можеби и ден денес не може сточниот фонд и другите проблеми да дојдат на свои нозе.

Понатаму, имајќи го предвид ова превирање во нашата Република кое е во свежо сеќавање на сите нас, се наметнува прашањето дали сега во овој миг на општо лоша политичка и економска состојба, состојба која да не кажам се заканува со војна итн., па можеби и на нас, е време да се донесе еден таков закон кога и толкувачите на законот на поменуваат

дека состојбите во стопанството на Републиката Македонија се такви што заправо нема друг излез од една страна. Од друга страна, тоа што се нуди, јас барем како постојано присутен меѓу масата и општествениците и спрема нивните искажувања не гледам дека во дадениот момент нешто може да се подобри. Напротив со донесувањето на овој закон и со неговото форсирање, можеби Републиката ќе се најде во уште полоша економска состојба.

Од тие причини, сакам да кажам дека поаѓајќи од проблемот во нашето стопанство со отцепувањето на Републиката сите ние можеме да констатираме дека всушност тоа претставува своевидна економска трансформација заради тоа што новите услови на работењето, прекинот на синџирот кој со толку години е граден стопанствениците ги доведува во состојба многу тешко да изнајдуваат други можности да се вклопат и на некој начин да ги задоволат потребите на сега постојниот кадар на Републиката. Од тие причини уште така да кажам неснајденото стопанство во една ваква состојба сега одеднаш се наметнува еден проблем за кој се кажува дека е скоро единствено решение. Иако јас лично како/пратеник сум за предлогот на законот за трансформирање, но сакам да кажам дека така како што се предлага со овој закон има многу недоречености.

Од тие причини, напомнувам дека е крајно недоходовните забелешки дадени од нашите врвни стручни лица на Стопанската комора на Македонија, на правните лица во стопанството итн., каде нема член кој не става свои забелешки, тоа најсериозно да се сфати и да се работи така како што се бара и како што е најдобро за Републиката.

Исто така, мислење на стопанствениците од Крива Паланка е и тоа трансформацијата на општествениот капитал да оди во фаза, односно да се даде еден период на трансформација на малите стопански објекти и претпријатија, а потоа доколку во меѓувреме се појават некои непредвидливи проблеми во тој период, со време тоа да се отстрани, а со тоа да се извршат такви подготовки за овие други две фази за таканаречените средни и големи претпријатија односно општествени претпријатија.

Потоа, поаѓајќи од овој проблем, се поставува прашањето дали Македонија за која сите тука се искажуваат, општествениот капитал со кој располага, макар и според сметководствените искажувања да се прикаже со својата вредност, македонското население и македонскиот човек всушност луѓето не се во состојба да извршат откуп според сегашните постојни цени што евентуално би се нуделе. Тогаш се поставува прашањето зошто да се врши таква трансформација на стопанството, ако сега се ставаме во состојба нешто што е градено во скоро полувековен период одеднаш да се трансформира и тоа во неизвесност. Дали таа ќе припадне на некои странски фирми кои нема да бидат заинтересирани колку работници ќе бидат отпуштени со каква структура итн. Дали можеби овој процес на трансформирање, кој нуди тука и поставување на агенцијата за чие постоење се смета дека најверојатно тоа би било форма на истурена рака на државата, исто така би имало свои негативни последици и би се поставило прашањето колку би се добило со трансформацијата што мислам дека лесно може да се согледа.

Има и други согледувања кои во однос на трансформирањето го поставуваат прашањето за трансформација на едно стопанство со своја

техника која преку 70% е застарена и со својата амортизација, дали таа нема да биде за некои багателни цени продадена од една страна, а од друга страна дали можеби не е поисправно во сегашни услови како неконкурентна на светскиот пазар итн., со застарена технологија и производи кои не можат да преминат на другите пазари освен во нашите бивши републики, не е поисправно во овој критичен момент да се доискористат овие средства, а во меѓувреме да се создаде можност и начин проблемот на трансформацијата да се реши така како е најдобро.

На крајот би сакал да кажам, а што ми беше и целта, дека во трансформацијата посебно место треба да се даде и да се акцентира проблемот на пратечката социјална програма која не треба да биде само за невработените кои ќе ги регрутира доколку дојде до таа трансформација, доколку ние тука ја усвоиме, туку како ќе се разрешува проблемот на сега постојните невработени и други категории кои се на работ на социјала. Мислам дека ова е еден од најважните проблеми, затоа што проблемот на социјала поради неразрешените и други пратечки служби, на, пример, ако ние вршиме трансформација на општествениот капитал, мислам дека е неисправно синхроно да не се врши трансформација и на здравството, културата, просветата, судството, односно и другите пратечки буџетски служби во однос на нивно изедначување во нормалното живеење, плаќање и т.н. исто така и во однос на подготвување реални социјални програми. Сега, за жал имаше еден статичен период, меѓутоа доколку вака продолжиме и доколку не се покрене процесот на вработување. мораме,да бидеме свесни дека социјалните тензии ќе дојдат како бумеранг на сите работи кои ќе бидат далеку на периферијата.

На крајот, дали можеби една ваква програма за која има мислење дека премногу се форсира нема да не доведе во состојба повторно да имаме една голема емисија на печалбари од сите категории, почнувајќи од високо стручен кадар и работничка класа и на крајот се поставува прашањето, ако е тоа така, на кого всушност оваа држава ја изборивме и ја правиме, ако и онака малубројниот Македонец кој е сега тука биде присилен повторно да се сели на други места за свој леб.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, сметам дека голем дел од дискутантите опфатија голем дел од проблемите, а користен е доста добар дел на високи стручњаци за донесувањето на овој закон. Заради тоа не е толку под удар затоа што се користени доста високи стручњаци од странство и од нашата земја, така што може да се донесе овој закон.

Исто така, таму каде што стои во алинејата 6 да се додадат уште зборовите "и девизните штедачи" тука се опфатени сите, а во тоа време се користени и нивните средства. Ми се чини дека тогаш банките штедните влогови ги давале како капитал за плаќање на санации и други неповратни средства на стопански организации, а ми се чини банките веднаш по курсот не ги откупија вложените девизни средства и со тоа дојде до поголема курсна разлика па затоа сметам дека вината не е само во тие заостанати штедни влогови туку и заради тоа што тие влогови се вложени, стопанските организации не можеле да ги вратат и дошло до пропаѓање на тие девизни штедачи. Заради тоа предлагам да влезат и штедачите. тоа да се додаде во алинејата 6 кај основните обележја за признавање за распределба на општествениот капитал.

Исто така, ќе мора со забрзано темпо да се работи на тоа овој закон да се усвои што побрзо и што побрзо да пристапиме кон негово реализирање за да не дојде до натамошно растурање на општествениот капитал.

Во дискусиите веќе се рече дека стопанството е во тешка положба но ние не можеме да чекаме други поволни стопански услови, ако чекаме, сметам дека ќе дојдеме во уште понеповолни стопански услови. Затоа, треба да почнеме со тоа и да не се плашиме од тоа, затоа што и досега ние велевме дека не може да се формира наша армија, да се воведе наша монета,но еве гледаме дека и тоа се стори. Тогаш велевме како ќе се распадне оваа југословенска армија како ќе создадеме наша монета, ќе пропаднеме, но праксата покажа дека не пропаднавме туку има прогрес и се оди кон унапредуваше. Секоја тешкотија мора да се совладува, а не да чекаме решението да го донесе од друго место. Мора да се избориме со сите состојби и тешкотии и со политичките и со стопанските настани кај нас.

Што побрзото донесување на оваа трансформација сметам дека е еден од најважните елементи за меѓународно признавање и користење на меѓународни средства. Знаеме дека во таков систем е, знаеме социјалистичкиот блок како се трансформира во приватна сопственост, а само ние стоиме овде во Србија и Македонија Од каде ќе почекаме ние признавање, да не прифати Европа и светот ако не отпочнеме со тоа и да овозможиме вложување на странски капитал тука.

Во трансформацијата на капиталот зошто не се користи или е користена, веќе распределбата што се направи со приватизацијата во Словенија и Полска, така што да се земе и нивното искуство. Колку што

се сеќавам за трансформацијата на приватниот капитал е користено и тоа, кога ќе се установи во едно претпријатие толку од капиталот останува општествен за трансформација, колку за машините, колку за други работи, за други фондови, тој е чистиот дел сметам дека неправилно се дели на акција и на вложени по функција во претпријатието, туку целото претпријатие од основањето до денес колку работни години има, тие години и тој износ на пари да се подели на вложените години, а се знае кој колку години има, така што ќе се дојде горе долу до една нормална поделба на тој капитал, да учествуваат еднакво сите оние кои работеле во тоа претпријатие, а не со пет шест години со откупување на акција да стане сопственик, а овој со 40 години да откупи минимален дел. Јас незнам зошто сме скокотливи околу донесувањето, што се загризени голем број раководители, директори на овие претпријатија. Тој закон не се донесува за директорите тој се донесува за општествена приватизација, за приватизација и за подобар живот на работниците и подобра материјална основа. Ако тоа не чинело, немало да се применува во целиот свет. Капиталистичкиот свет ќе пропаднел ако не требало така да биде. Зошто сме скокотливи на тие промени и сега да најдуваме мани,да го одлагаме овој процес.

Според стариот пропис и овој сега изгледа постапуваме по старата поговорка "една раја, два арачи",едни ќе го трансформираат со стариот пропис со вложувањата на акциони, со ич невложени пари, а сега со овој закон затоа што се проаѓа на она поранешното, треба да се изврши таква трансформација сите трансформирани претпријатија и општествениот капитал што ќе се приватизира да биде одревен со еднаква алинеја, со еднаков процент за сите вложени со онаа поделба на капиталот што ќе се приватизира на годините вложени во работната организација.

Сметам дека треба да се користат иако велиме дека е изживеана работата на СОК, во моментот сеуште СОК е во служба и ќе треба да се искористат нивните податоци за вистинската состојба на државниот и општествениот капитал, како е преминат во акции, колку треба да дојде и сета таа работа да им се даде на увид на органите што треба да ја спроведат таа приватизација. Во некои организации општествениот капитал што се приватизирае поделен и подеднакво сите вработени даваа по 200 до 250 илјади динари и сите подеднакво учествуваа во приватизацијата на тој капитал. Кога се донесуваше законот за рационализација, после ослободувањето, не се кревала таква врева тогаш и не се слушала волјата на народот, туку била донесена онака како што режимот налагаше. А сега сме скокотливи на една ваква расправа, која минимално можеме да ја ублажиме неправдата и што треба да се приватизира општествениот капитал, а тоа секако води во прогрес и во подобро за целиот македонски народ и признавање на меѓународното поле.

**ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници,промената на сопственоста, претставува за нас голем чин, политички, економски, правен и социјален. Основната премиса на политичките партии кои се здобија со суверенитет во овој Парламент, беше напуштање на владеењето на општествената сопственост како кауза на кризата. Основната премиса на тоа беше сознанието, дека во светот приватниот капитал овозможи пробудување на претприемачкиот дух и иницијатива, менаџмент со крајна цел профит и на таа основа развојни програми, према критериумите на пазарот, нови вработувања, односно дека приватниот капитал е порационален и пофлексибилен.

Тезата дека прво треба тој да се подржави, а потоа да се реприватизира, мислам дека со цел да се сместат во стопанските субјекти способни кадри, за оваа фаза е неприфатливо, заради тоа што тоа значи мешање на политиката во економијата, а економијата има своја логика на движење. Оттука политиката не смее да ја нарушува таа логика, затоа што секоја политичка диктатура во економијата резултира со дестабилизирање на економијата, сиромаштво и конфликти. Што треба да се роди со трансформацијата на општествената сопственост односно нејзината реприватизација. Очекувам дека ќе се создадат бројни мали и средни претпријатија, микроекономски субјекти во Македонија. Ова е значајно затоа што развојот на една земја,, главно го проектираат малите и средните претпријатија. Работната сила во развиените претпријатија главно е сместена во таквите модели на претпријатија. Таква е и стратегијата на правно обликувана во понудениот проект, закон за трансформација. И во Македонија ја се дојде до сознание дека и големите гиганти во кои реал-социјалиотичкото општество што ја

вложи сета своја надеж и капитал, по серии и загуби дека и тие треба да се трансформираат и тоа прво во мали и средни, а потоа да се реприватизираат. Времето и окружувањето наметнуваат нови правила на игра и строги критериуми за живот на сите. Затоа и Македонија мора да помине низ проектот на приватизација. Впрочем, тоа е и суштината на граѓанското општество и владавината на индивидуата. Само во таква средина ќе се топат колективистичките проекти и ќе се обликува правната држава. Сега на Македонија многу и се потребни малите и средни претпријатија, кои како приватни микроекономски субјекти ќе ги полнат резервоарите на Македонија и што е најглавно ќе го решат прашањето попродуктивно на вработувањето. Тие во услови на голема невработеност, со своите економски предности, мал број на вработени, мали инвестициони вложувања, се порационални и економски пофлексибилни на пазарот. Тие ќе условат и интерес за нови интелектуални услуги консалтинг дејности, финансиски, правни, информациски и други маркетинг дејности, а оттука и нови вработувања. Каде, односно во кои области треба да се насочи приватизацијата во Македонија. Мислам дека не треба да се запоставаат виталните области за живот: Прехранбената индустрија, хемиската индустрија, фармацевтската индустрија, петрохемијата, рудниците за јаглен.

Дали во Македонија постои континуитет на трансформација? Мислам дека постои, ако Владата ги отфрли и ги елиминира злоупотребите во делот на интерните акции, низ кршењето на законските прописи Моделот со интерни акции беше лошо примерен. Ние имаме пример каде што Собранието па акционери, личат на собирите на работни луѓе, каде што управните одбори печат на работничките совети, Така да,мислам дека промените во тој смисол не се адекватно на целите

на трансформацијата. Предложените модели, во проект законот за трансформација за мене се флексибилни и не ги елиминираат творците на општествената своина, работниците. Напротив, ги ставаат во попродуктивна улога, односно ја пробудуваат нивната заспана иницијатива. При трансформацијата на општествената сопственост, секако дека клучен е фактот дека капиталот на акционерското друштво е акциски капитал, дека тоа е траен влог на познати сопственици, односно дека акциите се сопственост. При купувањето или продавањето на акции, се менува сопственикот на акциите за акционерското друштво. Ова е важно да се објасни, да не се мисли дека акциите се побарувања или некој кредитен однос. Работниците не~можат да бараат од акционерското друштво да им го врати вложениот капитал, се додека друштвото работи. Према тоа, основните постулати на акционерското друштво, односно на работничкиот капитал, претприемачката иницијатива, менаџментот, акцискиот капитал како сопственост, се императивина приватната сопственост. Компаративните анализи на двете форми на сопственост, приватната и државната се дисонантни. Имено, државата е политичка организација. Акционерското/друштво е микроекономски субјект. Државата има политички^и социјални цели, па и да сака не може да го максимира профитот. Акционерското друштво дава мотив и стимулација за профит. Државата раководи со државните претпријатија со своја кадровска политика и ги насочува инвестициите во своите претпријатија. Државата не ги стимулира доволно раководните луѓе и тие не се заинтересирани многу за научно- технолошки иновации и профити. Државата е насочена кон создавање ка вредности за употреба, за потребни вредности на граѓаните, што значи ќе е производителна вредност. Затоа, бидејќи државата секогаш преферира овластена

политика на државните претпријатија, државната сопственост во проектот не треба да биде доминантен облик на сопственост. Тоа би создало конфликт со приватната сопственост на теренот на пореската политика на профитот, а тука се случуваат и падовите на владите. Државната сопственост не е добра и за вработените. Бидејќи во услови на превработеност секогаш се јавуваат преку бројни вработени, како технолошки вишок, државата ќе настојува да го редуцира и усогласи нивниот број со материјалните можности.

Дали големата вредност на општествениот капитал и малата куповна моќ на граѓаните се причина за стопираше на проектот на трансформацијата на општествената сопственост во приватна. Мислам дека не, затоа што моделите во проектот се флексибилни, проектот нема друга алтернатива, и заради тоа што мислам дека тука е местото и тој е начинот на кој ќе се редуцира големата невработеност во Републиката.

**ФЕРИД САДИКУ:**

Почитувани пратеници, вклучувајќи се по дискусијата на предлогот за донесување на законот за трансформација на општествениот капитал во претпријатијата, сакам да истакнам следното: денеска на дневен ред ни е предлогот за донесување на гореспоменатиот закон и во врска со тоа се поставува прашање: Сакаме да донесеме ваков закон, или не. Ако сакаме треба нашите дискусии да ги сведеме на минимум и да дадеме виза. Предлагачот, односно Владата, да изготви нацрт-закон за трансформации на претпријатијата со општествен капитал и тогаш ќе има потреба од подолготрајни дебати по истиот.

Тоа што сакам да го истакнам во врска со предлогот на овој закон е тоа што според мене на овој закон треба да му престојат низа закони, кои како што претходните дискутанти наведоа, закон за денационализација, закон за експропријација и други. Ова го кажувам затоа што во сегашниот општествен капитал се испреплетени низа имотно- правни односи, од ослободувањето преку национализацијата па до денес. Затоа е потребно да се изнајде нето општествен капитал кои многу полесно ќе може да се трансформира.

Сметам дека Владата ќе ги има предвид сите овие забелешки кои се слушнаа овде, во фазата на изготвување на истиот, односно во фазата на изготвување на Нацртот на законот кој треба да се изгласа.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

За мене,лично ова Собрание, конечно, а сите знаеме какви беа, породилните маки до денес. На дневен ред го стави едно од најзначајните прашања за остварување на вкупните општествени реформи во Републиката, и по природа еден од најеминентните проблеми на сите, сега веќе бивши и комунистички земји, кои од договорна, преминуваат на пазарна економија и пазарни услови на стопанисување.

Да бев лаик, а и да не знаев кој се е член во овој Парламент, се што се кажа, или дело од тоа, од оваа говорница можеби и ќе прифатев, меѓутоа, бидејќи знаеме сите кои сме и што сме, каква е професионалната структура на нас пратениците, имајќи предвид и кој се дискутираше, не ме ни чуди се она штсо до сега беше речено во оваа точка од дневниот ред. Впрочем, нормално, дека никој нема да зборува против се5еси; ако веќе знае дека до сега претпријатието ка кое припаѓа или е директор, извршило трансформација на противзаконски начин.

И сега доаѓаме до една многу интересна состојба: Оние кои како идејно и морално политички најподобни (а не треба да го заборавиме времето кога тоа беше основен услов за засновање работен однос пред се на раководна функција што подразбираше членство во сојузот на комисиите), со благослов на сојузот на комунистите најмногу историја од оваа држава и последниот систем; оние кои заради обезбедениот монопол вистинските приватници ги анатемисуваа како општествен ерес, за да ја уништат конкуренцијата, преку ноќ станаа најголеми поборници на приватната иницијатива и сопственост, но и најбогати приватници капиталисти.

И, дојдовме до една апсурдна ситуација: оние пред се од управувачко- бирократските структури, кои ја бранат "извршената трансформација т.е. реприватизација" се повишуваат на работниците а тие не добија ништо ништо ниту досега, ниту пак ќе добијат нешто отсега, а, се во духот: ако се спроведе законот, работниците ќе одат на улица. А, зошто?! зошто новите газди кои ќе ги создаде овој закон, ќе ги избркаат. Меѓутоа, ако се испочитува сегашниот закон, противзаконски, сопственици на претпријатијата ќе станат токму припадниците на управувачко- бирократските структури. Од каде сега директорската грижа за работниците. Што за мене не е ништо друго, туку чиста демагогија: во името на експлоатираните да се брани и зачува веќе противзаконски стекнатата позиција. на експлоататорите. Експропријаторите зборуваат и се повикуваат на експроприраните за да ја зачуваат стекнатата власт и капитал.

Во врска со овој закон и примената на постоечкиот сакам да укажам на следните констатации:

Прво, законот е повеќе од потребен бидејќи со него мора да се обезбеди поефикасен систем на стопанисување, и да придонесе кон преструктуираше на стопанството и сопственичките односи.

Меѓутоа, ние мораме со сега сериозност да пристапиме кон неговото обликување и популаризирање.

Ако некој, од целиот овој 45 годишен социјалистичко- комунистички и "самоуправен" период го извлече најдебелиот крај, тоа се само работниците и селаните, првите затоа што 45 години беа мамени со паролата ова е сечие и ничие, пролетери од сите земји од светот обединете се за да пропагаторите на тој систем на крајот мораа да ги убедуваат работниците дека тоа сепак било нивно, и додека работниците се обединувале по сиромаштијата, бирократијата се обединуваше по џебот и банките во странство, а вторите, бидејќи од добри земјоделци беа отерани од нивите и селата, претворени во приучени полуработници во фабриките во градовите.

Ова го кажав за да ја извлечам констатацијата дека овој закон ниту пак оној што почнавме да го спроведуваме нема никогаш да се спроведат ако не станат дел од свеста и однесувањето, пред се, на работниците и работничката класа.

Ние цело време ја градевме идејата дека сите сме работници, но не било баш така. Ние сите се боревме против групно сопственичкото однесување за да на крајот секој треба од онаму каде што се нашол.

Работничката класа како да ја заборавивме, А токму допрва ќе бидат. А и сеприсутни, се поголеми тенденции на класно- социјално диференцирање во државата.

Затоа, пред се на работниците треба да им соопштиме што им донесе постоечкиот закон чии, но и што создаде во државата, за да не живееме под опсесија на популизмот, лажни илузии.

Менувањето на сопственичката структура води во капитализам, а работниците ги претвора во она што навистина и се, во тој систем наемни работници и ништо друго.

Ние правнички, формално- правно може да ги препишеме сите фабрики на директорите управувачко- бирократските слоеви и тоа да биде беспрекорно изведено но дали, некој ќе може да го гарантира. Така стекнатото право на сопственост на новите "сопственици". Државата сигурно не! зошто се плашам од помислата дека класно- социјалните раслојувања и социјалните тензии ќе се изродат во антипод на овие реформи. Во смисла на ова беше сечие и ничие, сега не е мое но нема да биде ни твое. Она што се случи во лудистичкото движење во Англија, Франција, Германија, во раниот капитализам, при преминот од мануфактурно во машинско производство. Кога работниците ги кршеа машините сметајќи дека тие се основен виновник за појавениот технолошки вишок.

Затоа, идејата и за работничко акционерство во предлог- законот не треба да се отвора. Ако заради ништо друго, тогаш барем создавањето одговорност и кај нив дека и тоа е нивно или дел од тоа.

Второ, дали со законот се стопира идејата за привремената иницијатива, што некои го експлоатираат: велам не, длабоко убеден. Приватната иницијатива никој не ја ограничил. Затоа мислењето на светот нема не се меша со овој закон. Никој од светот нема да не обвини

ако сакаме да внесеме ред во продажбата на општествениот капитал, а бланко никому не може да му се дава тапија за сопственост. Кој им брани на фиктивните интерни акционери ако имаат капитал да отворат свои приватни претпријатија. Во секој момент. Ко отпорот се раѓа токму од оние кои изигруваат акционери во општествените претпријатија, а целиот промет од нив го пренасочуваат за добри провизии во своите приватни претпријатија на нивно име на нечие друго име за да законодавецот не им ја откријат трагата.

Трето, Сојузниот закон од сите републики се применуваше само во Република Македонија. Зарем ние бевме најпаметни. Ко затоа и најголемите малверзации и грабеж легализиран на општествениот капитал се случија кај нас.

Да бидеме поштени пред јавноста па нека се направи еден список за да се види секој парламентарец во кои фирми и банки е акционер и како е создаван и се создава тој капитал.

Зарем случајно, минатата година го одлагавме законот за престанок на важноста на сојузниот закон за општествениот капитал и член 4 од Сојузниот закон за личните доходи што се однесуваа на интерните акции. Зарем случајно се бараа нови избори, за да се повторно одложи овој закон, зарем случајно сега се јавија тенденции за укинување на СОК, за да не се врши контрола итн. Барем за мене, во сето тоа нема ништо случајно, за мене, во сето тоа нема ништо случајно, се е пресметано, а од некои фиктивни акционери кои преку ноќ треба да станат магнати, а добро платено, за да овој Парламент воопшто ќе расправа за ова прашање, а грабежот да продолжи и понатаму. Затоа

личните интереси премногу се наменети, за разлика од интересот на државата кој за жал е потиснат, не случајно го одложивме и предлогот за оданочување на дивидендата. Со образложение понатаму што создаде основа за неоданочено збогатување.

**ТОДОР ПЕТРОВ**: (Продолжение)

Четврто, не постои држава во која пак акционерите штрајкуваат,да има претпријатие во кои се работи со загуби а сите се акционери, каде директорот ги брка од работа на акционерите, акционери кои доаѓаат пред Владата и Парламентот и бараат плати. Тоа се иронијата и апсурдите на целиот овој процес, кој го споредуваме, кој сам по себе покажува дека е фаличен, да не кажам дека е катастрофален.

Петто, овластувањата на директорите во акционерските друштва во поглед на распоредувањето на работниците и воопшто према нив се огромни и истите имаат неприкосновена власт.

Шесто, во однос на името на законот во 1979 година, беше донесен закон за промет и располагаше со општествениот капитал. Во 1990 извршени се изменувања на насловот на овој закон и тој е преиначен во закон за општествениот капитал. Сметам дека името на предлогот на законот не соодветствува со содржината и затоа треба да се вика Закон за продажба на општествениот капитал.

Седмо, основен недостаток на законот постоетски е тоа што немаше контрола на спроведувањето и санкции за неспроведување на законот. Затоа, и од практиката се изродија најразлични манипулации.

- Од постоечките фирми се создава технолошки вишок, работници кои стануваат социјални случаеви во вистинска смисла на зборот.

- тие што остануваат располагаат со општествениот капитал и деловниот простор го издаваат и се претвораат во еден нов слој рентиери. Имено, деловниот простор на општествените сега приватизирани претпријатија го издаваат токму на вистинските

приватници и за тоа добиваат рента што е основа за репродукција на еден паразитски слој.

При претоварањето на општествените во приватни претпријатија и друштва со ограничена одговорност во регистарските судови воопшто не е вршена никаква контрола и затоа се случуваше она со холдинзите без никакви делбени биланси. Се регистрираа холдинзи, пререгистрирани беа сложени организации на здружен труд во холдинзи само со едно обично парче хартија поднесено во општинските стопански судови без никакви делбени биланси, што е основа за секаква манипулација во поглед во сегашната распределба и трансформација на тој капитал.

Придонесите и даноците на делот од доходот наменет за лични доходи пресметани во интерни акции се пресметуваа а не се плаќаа. Затоа, и фондовите за здравство и пензиско осигурување остануваа се попразни.

Осмо, континуитетот во Законот постои во постојниот што се предлага, со постојниот што бил донесен и не пости никаков правен дисконтинуитет. Меѓутоа се воведува ревизија и контрола на веќе трансформираното што го немаше во постоечкиот закон. Затоа страв од ревизија. Ако се е чисто и законито нема потреба да поведува кај никого.

Деветто основен хендикеп за целата држава е што со донесувањето на законот за промет со општествениот капитал и Законот за претпријатијата се тргна од претпоставка дека веќе се е приватизирано, па институцијата правобранител на самоуправувањето,мерките принудна управа се укинаа. Па така, во државата ниту еден немаше активна легитимација, ниту една институција за да поведе поставка за правата на работниците, за заштита на законитоста и уставноста во работењето на претпријатијата во општествена сопственост со можност да преземе надлежен орган мерки

за заштита на законитоста. Нам допрва ќе ни се јави тој проблем. Ние и досега имаме огромен дел неприватизиран општествен капитал, институционално незаштитен. При ревизија ние ќе констатирам дека има и против законитост во одделни извршени трансформации што значи дека ќе треба да се вратиме назад. Актите кои се донесени да се прогласат за ништовни и да се вратиме назад. Меѓутоа, во практиката ќе се создаде навистина една правна празнина. Кај нас не постои регулатива за заштита бидејќи со измените во законот за претпријатијата кој беше донесени 1988 година, а измените вршени 1989 година, во август 1990 и во октомври 1990 година редуцирани се сите одредби за работа на претпријатијата во општествена сопственост. Затоа е нужно паралелно со донесувањето на овој закон за продажба на општествениот капитал да се донесе и закон за претпријатијата, а во завршните и преодните одредби да влезе целата регулатива за работа и управување во претпријатијата во општествена сопственост.

Десетто, треба да се дефинира управувањето што е најважна работа за ефикасноста на стопанисувањето заедно во Законот за претпријатијата.

Единаесетто со примената на законот за општествениот капитал се реприватизира она што порано било одземено како нечија друга приватна сопственост, што веќе во практиката создава револт кај нивните живи поранешни сопственици. Затоа во предлогот треба да се разработат одредбите за враќање на порано одземениот општествено национализиран имот, од повеќе се врши тоа и кому што наметнува потреба за донесување на закон за денационализација. Јас сакам да ги потсетам и членовите на Владата дека овој Парламент уште минатата

година во јуни месец донесе заклучок да се донесе закон за денационализација, за враќање на порано одземените приватна сопственост, меѓутоа тој закон да се донесе пред законот за продажба на општествениот капитал, што до денес не е направено. Ова го велам за да не се случи да се јават како заинтересирани странски за враќање на порано одземената сопственост поранешните аграрни интересенти и колонистите што ја добија земјата од аграрната реформа пред 6 април 1941 година, од времето на српската колонизација.

Затоа и ја користам приликата да реплицирам на вчерашното излагање на"министерот за односи со странство Денко Малевски кој кажа дека стопанството на Македонија и Србија која пости органска врска веќе 70 години, заборавајќи да спомене дека во тие 70 години влегува и времето на српската окупација односно кралска Југославија.

Дванаесетто, дали се подржавува општествениот капитал. некој нека објасни што претставува општествениот капитал, дали во државните стопанства на источно- европските земји вишокот на вредноста не го создаваат работниците а на крајот на краиштата чија е државата. Затоа и нелогичноста за диференцирање на општествениот и државниот капитал. До вчера се регулираше државата а сега се сака се да се приватизира и тоа одеднаш што воведува една нова хаотична состојба. Затоа би го додал следниот податок.

Ниту во либералниот капитализам, државата не била исклучена од стопанските текови и односи. До вчера сите бевме против групно сопственииштвото денес секој кај што се нашол вика дека тоа е негово. Од сечије и ничије општествената сопственост сатна значи конечно нечије. Затоа сакам да ги кажам следните предлози во врска со законот.

Најпрво сметам дека паралелно со донесувањето на законот би требало да се донесе закон за основите на системот на сопственоста што ќе регулира што од постоечката сопственост во Републиката чие е, на државата, што ќе се приватизира, што е приватно итн.

Паралелно со овој закон да се донесе Законот за јавните служби, Законот за установите, Законот за работните односи, Законот за претпријатијата, Законот за штедните влоговни динари на граѓаните, Законот за денационализацијата, но и Законот за продажба на општествените станови, што е исто така материја поврзана со овој закон, како и законот за враќање на земјата.

Понатаму, најмалку 20% од пазарната вредност, преценетата вредност на општествениот капитал на претпријатијата кои се приватизираат да биде наменета за работничко акционерство, макар и со поголем процент на попуст на вака издадените односно откупени акции. приватизирањето да го следи донесување на Законот за пазар на капитал и пазар на хартии од вредност, што значи веднаш да се оформи и ваков пазар.

Во врска со штедните девизни влогови/да не може да се приватизираат општествени претпријатија додека не се реши овој проблем со можност да се изврши меѓусебно унапредуваше помеѓу штедните девизни влогови на девизните штедиши и должниците на постоечките банки.

Да се дефинираат монополите таксативно во законот, а не тоа да се остава на помош на оценка и преоценување. Да се преиспита и пререгистрацијата согласно законот за претпријатијата на сите претпријатија кој што извршија трансформацијата сопственоста. Да се прифати моделот на откуп минимум 51% од проценетата пазарна

вредност со стекнување право на управување, а не како што е предложено 10% заради спречуваше на можните манипулации и да се приватизираат гранките со низок органски состав на капиталот со продажба на лицитација. Тоа се трговијата, туризмот, угостителството, па со повисок органски состав (индустријата општествените дејности и големите системи).

На крајот би сакал да го додадам следното. Во Законот и во овој што се предлага треба да бидат предложени и одредби кои што ќе функционираат одделни дејствија кои во практиката кои и инаку би се спроведувале од она што е пропишано. Имено, во Законот да стои:

Оној кој што ќе изврши било каква работа, ќе преземе дејствие или склучи акт со намера да го оневозможи или отежне спроведувањето на овој закон, а особено оној кој што ќе уништи, оштети скрие, отуѓи,оптовари, или на било кој начин ја намали вредноста на општествениот капитал на правните лица или ќе даде неточни или непотполни податоци за општествениот капитал ќе се казни со кривично дело со затвор од 6 до 10 години.

За овие работи ќе се казни за кривично дело со затвор од 6 до 10 години затвор и одговорното лице на правното лице. Ништовни се сите паравани и други работи заради кои би било Оневозможено или отежнато спроведувањето на овој закон, како и оние правни работи кои што биле преземени заради тоа. Се смета дека била преземена заради оневозможување или отежнување на спроведувањето на овој закон и секоја правна работа која ја намалува вредноста на општествениот капитал на правното лице.

Предлагаат уште една одредба која гласи:

Претпријатијата кои вршат дејност во областа на инфраструктурата, електростопанството, железничкиот и ПТТ

сообраќајот, Радио-телевизијата, и "Нова Македонија", користењето и управувањето со добра од општ интерес (руда, вода, минерална вода, патишта, шуми, земјоделско земјиште (комунални и други дејности, кои се незаменлив услов за живот и работа на граѓаните и работа на претпријатијата на одредени подрачја, како и дејностите на истражување производство, преработката, транспортот и прометот со нафта и природен гас не може да се претворат во мешовити и приватни претпријатија до донесувањето на посебен закон со кој ќе се регулира приватизирањето на .овие монополи. Актите и дејствијата кои ги донеле претпријатијата од овие дејности со денот на донесувањето на овој Закон да се сметаат за ништавни.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

По долгата и исцрпна дискусија по предлогот за донесување на закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ќе бидам прилично краток. Сакам да укажам само на тоа дека уставен основ постои за донесување на овој закон. Здравниот систем се подобрува.

Во однос на подобрувањето на правниот систем ќе кажам неколку збора во однос на претходниот закон, /сојузниот закон за трансформација на општествениот капитал кој што сепак не се .покажал како ефикасен за трансформираше на општествениот капитал во приватен во голем дел пратениците бараа продолжување на стариот со новиот закон односно тк. континуитет. Јас би подржал континуитет на стариот со предложениот закон во деловите на стариот закони кои што се олеснуваат за екстремни акции, инаку во делот кај интерните акции сметам дека нема ни малку место за продолжување. на континуитетот.

Основни причини се тоа што законот донесен од Сојузното собрание за трансформација на општествениот капитал остана недоречен во тој период. Тој закон не обезбеди инструменти за контрола. Такво беше и времето, веројатно Сојузната Влада имала некои сопствени размислувања но во тоа не успеа.

Интерните акции, проценката на капиталот ги вршеа самите луѓе внатре, во претпријатијата, кои беа заинтересирани за да го откупат тој капитал. Од тие причини проценките се прилично ниски а исто така сметам дека се направени без број малверзации, иако некој пратеници се залагаа да не спомнуваме дека имало малверзации, но исто така постоеја и грабежи. Тоа и тоа како постои.

Во однос на овој факт некаде уште пред шест месеци јас од владата барав да изготви посебна информација за ефектите од интерните акции. И сега од оваа говорница креирам Владата таквата информација да ја изготви и паралелно со разгледувањето на овој закон, независно дали ќе оди во две или три фази, таквата информација да дојде пред пратениците и да ја видиме ефективата од интерните акции.

Инаку, предложениот текст го поддржам во целост со мали забелешки во членот 4 каде не е дефинирано кои претпријатие се од монополски карактер, сметам дека треба да бидат дефинирани.

исто така, имам забелешки и во делот каде што се дели капиталот, средствата од капиталот што ќе се продава покрај дел каде се размислува 15% да оди во фондот за пензиско и инвалидско осигурување, сметам дека од тој дел 5% да оди во заводите за вработување бидејќи трансформацијата на капиталот ќе си го донесе своето. Пазарната економија вишокот на работници мора да го исфрли.

За тој вишок на работници ќе треба и времено обезбедување на некаква егзистенција, па сметам од тој дел ако водиме сметка само со заштита на старите луѓе пензионерите кои створале досега, сепак треба да водиме сметка и з а оние граѓани, работници, што ќе се јават како технолошки вишок.

Ги поддржувам размислувањата на повеќето пратеници за да заживее овој закон, да си го најде правото место неопходно е донесување на повеќе системски закони кои треба да го пратат.

Покрај законот за претпријатијата, односно прописите што ги наведуваше господинот Петров неопходно е да се донесе закон за финансово работеше, закон за трговско работење, ми се чини дека тоа преставува една целина на овој закон, на овој систем.

Исто така, покрај барањето информацијата да се достави на Парламентот, за ефектите од интерните акции ми се чини дека неопходно ќе биде да се изврши една целосна контрола на досегашното работење на претпријатијата по однос на фактот, движењето ан стоките во трговијата, од општествените претпријатија преку одредени приватни претпријатија, какво општествено претпријатие. Целта на оваа манипулација во трговијата е доаѓање до доход, прелевање на доход од општественото претпријатие во приватни претпријатија кои што утре ќе се јават како купувачи на овие претпријатија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме пријавено уште 5-мина пратеници за дискусија.

Предлагам една мала пауза.

(Пауза од 12,00 часот).

(ПО ПАУЗАТА)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да почнеме со работа.

За збор се јави Драги Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство. Сметам дека предлогот за донесување на законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал треба што побрзо да биде усвоен, бидејќи по Уставот на Република Македонија овој закон претставува еден од најзначајните закони што треба да го донесе Собранието на Република Македонија. Со него дефинитивно започнува напуштањето ан концептот на општествената сопственост. Тоа е само уште еден повод за забрзување на собраниската постапка која практично значи навестување на едни нови општествени односи.

Лично сметам дека основната цел на трансформацијата е сосема јасно. Тоа е што побрзо вистинско заживување на претпријатијата и стопанството врз пазарни основи. Во/тој правец мора да се направат уште позначајни чекори за создавање на подобри институционални услови за формите на трансформацијата. Мислам дека е неопходно со законот уште повеќе сопственикот и сопственичките односи појасно да бидат насочени и идентификувани. Само на тој начин ќе можеме да го надминеме сегашниот несопственички концепт на општествената сопственост. Неоспорно е дека во овој момент ние сме соочени со една дилема. Ние не можеме да зборуваме за овој закон без основните правци на странскиот развој што досега требаше да ги изготви и конципира Владата па Република Македонија.

Ние не можеме да зборуваме за некаква трансформација без претходно утврдување на вредноста на општествениот капитал. Ние не располагаме со никаква сметководствена вредност ан општествениот капитал чија проценка требаше да ја изврши Владата и СОК или друга соодветна институција. Ние мораме во овој момент да го знаеме и соодносот при спроведувањето на трансформацијата, висината на штедните износи на населението на една и износот . на вредноста на општествениот капитал на друга страна. На тој начин ќе се добие и пореална слика на потенцијалните купувачи на акциите кои преку разни банкарски трансакции можат да бидат поттикнати за купување на општествениот капитал. Сето тоа Владата треба да го респектира при изготвувањето на овој значаен законски акт.

Конечно, ако со политички гаранции се обезбедат вложувања на странскиот капитал во Македонија, со тоа уште повеќе ќе се овозможи да се засили куповната моќ на акционерите, да се зголеми нивниот број, а со тоа и вредноста на акциите на општествениот капитал.

Ние не треба да имаме илузии дека извршувањето на трансформацијата може да биде успешна ако претходно успешно не се реши проблемот на денационализацијата, обесштетувањето на национализираниот имот на поранешните сопственици мора да се изврши според пообјективни критериуми. Во тој правец голем придонес можат да даваат агенцијата за реструктуирање или Фондот за развој. Меѓутоа, без нивно посоодветно усогласување со Законот за трансформација ка општествениот капитал и без користењето на експертските услуги на меѓународната финансиска корпорација и на нив сличните меѓународни финансиски институции, ние не можеме да

зборуваме дека тие успешно ќе одговорат на својата улога што треба да ја извршат. Без ваквите промени сметам дека центарот на моќта, на контролата на капиталот не ќе може да се напушти туку само ќе се пренесе од едно место на друго. Јас навистина се плашам да не дојдеме во ситуација како порано, ако моќта на контролата на капиталот била во ЦК, таа контрола на капиталот сега да не биде пренесена во агенцијата. Ако биде така тоа нема да ги даде очекуваните резултати. Нема резултати ако не постои гаранција од државата дека општествените претпријатија нема да бидат преобразени во државни претпријатија. Напротив за сите тие претпријатија треба да се создадат сигурни стимулации за забрзување на процесот на приватизацијата. Во тој правец мораме отворено да кажеме дека е неизводлив процесот на трансформацијата без формирање на берза на акции, без слободен пазар на капиталот и на вредносните хартии. Само преку тие инструменти ние можеме да зборуваме дека постојат вредносни акции и дека се воспоставени приватно сопственички односи. Отворено треба да кажеме дека немаат трансформација на општествениот капитал без трансформација на финансискиот систем на Македонија, посебно на банкарскиот систем. Банките не треба и натаму да бидат пречка на развојот како што беа досега, туку да го поттикнуваат развојот и воспоставувањето на приватно сопственичките односи, се разбира доколку тоа биде во согласност со промените што треба да уследат во актуелната државна политика во Македонија.

Сигурно дека Владата ќе ги респектира и ќе ги има предвид сите досегашни укажувања за кои сметам дека се особено значајни за Законот за трансформацијата на, претпријатијата со општествениот капитал код, треба што побрзо да стане наша стварност.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Се придржувам во општите настојувања од потребата за донесување на еден ваков законски проект кој за мене сега претставува капитално значеше затоа што истиот е практички костур, или што би рекле градежниците арматура на вкупната наша градба и надградба.

Донесувањето на ваков законски проект ќе ги помрдне сите други полуги во севкупниот општествено- економски живот, во трансформацијата утре и на општествените дејности која што и сега се покажува ваква како што сега опстојува, како неодржлива.

Ако констатиравме дека општествениот капитал е во распаѓање и хаос, ако констатиравме дека тој нужно ќе треба да се трансформира затоа што на еден нерегуларен и непродуктивен начин и онака се одвива капиталот во приватниот сектор, со тоа што за жал цвета трговијата, а не цвета производството, затоа што сите сме свесни дека физичкиот обем на производството и онака секојдневно се намалува, мислам дека се налага како нужност за што поскора трансформација на општествениот капитал..

Ако констатиравме дека Република Македонија располага со голем интелектуален потенцијал кој за жал поради тоа што не е соодветно платен неговиот труд, не е мотивиран и не е заинтересиран за понатамошниот развој на вкупното општествено стопанство во Републиката, нужно се налага потреба од активирање и заинтересираност на овој богат интелектуален потенцијал, а мислам исто така овој закон отвора простор за ваква работа,

Ако констатиравме дека овој општествен капитал да профункционира како што треба, му е потребно додатен капитал, тогаш

сигурно дека овој додатен капитал мора да се донесе како инфузија навистина да почне општествениот капитал да се трансформира така да навистина тој почне да функционира во права смисла.

Не се согласувам со оние констатации дека практично е прекинат правниот континуитет, досегашни констатации, искажан од оваа говорница, бидејќи интерните акции кои се земени на нерегуларен начин. За илустрација нека покаже примерот дека 40% од општествениот капитал, или ако е запишан во акции само некаде 7% од него се наплатени средства за;'тие интерни акции.

Не се согласувам ни со тврдењата дека не треба да бидат партиципиенти во трансформацијата на општествениот капитал сите општествени групации. Јас лично потекнувам од групацијата на лекари каде што сметав дека најнепосредно и сум се сметал досега дека сум интегрален дел на вкупниот општествен капитал и на вкупното општествено стопанство затоа што најнепосредно сум учествувал во создавањето на овој општествен капитал, а заедно со мене сигурно и професорите и културните работници итн. Меѓутоа неодржливи се тврдењата и неосновани се ставовите ако навистина државата трага по општествениот капитал, а такви ставови, доколку од овој општествен капитал стане државен капитал, мислам дека во тој случај одиме чекор назад. Секое подржавување е чекор назад зад општественото.

Неприфатливи се оние решенија со кои, доколку се спроведат во функција, практично оваа агенција ја игра улогата на бирократ. Практично таа претставува кочница во понатамошната трансформација на општествениот капитал. Можеби Владата ќе треба да побрза поинтензивно со носење на такви законски проекти кои во детали ќе ги озаконат сите моделитети и решенија кои се потребни за една ваква трансформација. Пред се, тука мислам на берзанските упади, да се

намали берзанскиот упад. Меѓутоа неоспорна е потребата од носење на еден ваков документ.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа.

Еве веќе два дена слушаме убави дискусии, дури и научни дискусии од поединци што е тоа што треба да се направи во овој момент при трансформацијата на општествениот капитал, да дојде во приватни раце.

Морам да кажам дека оваа материја на секого не може да му биде блиска. Морам да кажам и тоа дека има одредени структури кои перфектно ја разбираат материјата. Морам да кажам и тоа дека општествениот капитал, кога зборуваме за него мора да се вратиме малку назад при едно поставено прашање за кое не водевме толку голема сметка овде во ова Собрание, кога јас прашав колку изнесува активата и пасивата -на македонското стопанство. Еве токму сега имаме врска со таа актива и пасива и разликата од активата и пасивата претставува нешто што треба да се подели. Во прашаше е секако дали во овој капитал треба да ги замешаат прстите, да речам така, сите граѓани на Република Македонија. Јас сметам дека не. Зошто?

Ние мораме да знаеме кој го создал тој капитал, кој издвојувал за другите општествени потреби. Значи друго е создавање на вишок на вредност и финансирање на општи општествени потреби, а друго е создавање на таа вредност и издвојување за развој итн. земање на кредити на враќање итн. Тогаш се поставува прашање: директорите, раководителите итн. Па зарем можеме ние како Парламент овде да разговараме и да кажеме ајде по пат на солидарност ќе го направиме

ова, на сите подеднакво ќе поделиме. Не смееме, не можеме, заради тоа што подеднакво не сме го создале. Зарем може да launch ечеме еден на пример технолог или дипломиран економист, дипломиран инженер итн. дал исто толку колку и еден обичен работник што ќе се прими на работа и многу му е гајле што понатаму ќе биде. Тој ќе работи 7-8 часа, си бега дома и ништо не го интересира. За ова нека ми простат работниците но факт е. Тие доаѓаат, молат за работа, па после самоуправуваат. Сега ние создаваме ново општество. Новото општество се вика плурализам, демократија, капитализам. Капитализмот не може без капитал. Ние мораме да го имаме капиталот. Сега кој ќе го има во свои раце. Само еден пример да ви кажам.

Ние пред некој ден извршивме замена на динарите во денари, бонови. Банките немаа средства како да ги променат. Значи парите се наоѓаат кај некого. Сега кај кого, господ знае. Значи некој има многу, некој ич. Државата е осиромашена а народот не е осиромашен, а кој народ има пари тоа е друга работа. Значи, народе македонски мора да знаете дека ние со овој закон ќе мора капиталот да го поделиме така, ако има некој си урнек во некоја држава што и како се прави, да се подели според некоја метода, некој ќе земе повеќе некој помалку и убеден сум во тоа дека тој што има повеќе пари лека полека ќе ги купува акциите од сиромашниот за да може да се управува, да се дојде до поголема ефикасност на користење на средствата. Ефикасност се бара, а ефикасноста ќе се постигне ако управуваат еден или двата, Ако сите управуваат нема никаква ефикасност. Тоа го видовме икс години, Само гледаме да земеме и ништо не создаваме

Никој овде не смее да се јави дека ја брани односно ја напаѓа работничката класа, во никој случај. Ние на Запад имаме работничка класа, имаме и капиталисти, но имаме работничка класа која зема 2000 или 3000 марки. Ние во Перт, во Австралија имаме работник кој што неделно зима 600 австралиски долари, но тој за една година со исти машини како што ги има овде во Скопје дава 25.000 тони годишно производство, а непет шеснаесет илјади тони годишно. Значи средствата од покој треба да ги ставиме во движење, а во движење ќе се стават токму со овој закон, односно со, ги прифаќам дискусиите што се дадени, тоа министерот треба да си го земе во предвид и да се види што треба да се исправи во него за да може што побезболно да се помине во таа фаза, а да бидат сите задоволни, сигурно нема да бидат. Ние не ќе можеме да најдеме урнек на секој граѓанин да му дадеме нешто. Сите господари никој работник. Не може да биде така.

Јас имам некои свои забелешки на законот.

Она што се направило со Сојузниот закон за трансформација на општествениот капитал е направено. Има во некои фирми, тоа е докрајчена работа, тој систем веќе живее, а има и не многу фирми кои имаат 51% стран капитал. Ние стран капитал не ќе можеме да привлечеме овде во нашава Република ако се однесуваме по малку скептички, по малку со недоверба, заради тоа што вчера слушнав дискусија, ќе бидеме како Јужна Африка, ќе бидеме како Јужна Америка, ќе бидеме како незнам уште кои земји. И ѕидовите имаат уши. Ние не смееме така да мислиме.

**ФАИК АБДИ:** (Продолжение).

Ние мораме во се да бидеме убедени дека со трансформацијата на општествениот капитал и со него поминуваме во рацете на оние кои што го поседуваат односно кои што повеќе заслужиле, односно што имаат пари, без разлика на која основа ги спечалиле. Ние ќе мораме да знаеме дека тие ќе мора да си го поделат тоа многу побргу, многу поголем обрт да се направи, отколку што сега што се прави. Само поголемиот обрт ќе носи профит и така ќе го зголемува во целина општественото богатство. Само така ќе добие 1000 или 1500 марки или не знам колку оној работник што викаме за него нема ништо ќе стане роб. Не е точно дека работникот ќе стане роб, туку работникот ќе мора да ги отвори очите убаво, организаторите сигурно поубаво ќе го организираат да даде производство адекватно на она производство што се постигнува на запад, се разбира со исти машини. Затоа ние ќе мораме да привлечеме странски капитал. И ако вчера овде е кажано дека ние ќе се носиме со некој си кој што е во Јужна Америка, тогаш грешиме, тогаш многу тешко ќе примамиме капитал а мислам дека Македонија е поднебје за кое е заинтересирана Европа и светот. Мораме да и веруваме на Европа и на светот и само така ќе можеме да излеземе од овој ќорсокак.

По однос на Законот мислам дека треба да се размисли многу за агенциското работење. Тоа да не се претвори во нешто друго, да не настане некоја друга трансформација. За тоа мора многу да се размислува. Зашто, една работа раѓа друга работа, една лоша работа може да помине во некоја друга лоша работа, иако мислиме дека се ќе биде поубаво. Заради тоа ете нашето Министерство, нашата Влада, нашите паметни луѓе да ги наречам така. нека размислат малку повеќе што е тоа што вчера се говорело овде. Ве молам немојте дискутираат комунистите, дискутираат социјалистите, дискутираат ВМРО-вците и

други. Не, ние овде дискутираме за една многу битна работа. Дискутираме за утрешното живеење, дискутираме за сите граѓани на Македонија, без разлика на која партија припаѓаме. Ние сме должни овде правиме држава. Да ви кажам народот нека слуша, јас три-четири седници не бев присутен гледав на телевизија, навистина сме циркус овде во Парламентот. Меѓутоа, со моите домашни размислив и разменив мислења и знаете што имаме заклучок, чекајте луѓе па ние правиме држава, ние сме млади и нормално е вака да се искараме. Ќе се искараме и за знамето и за грбот,4 значи држава правиме и нормално е вака да се однесуваме. За тоа утре народот нека не ни замерува, било кој да е овде ќе се искара. Нека не се прави дека некој од надвор поубаво ќе направи. Тоа е моето мислење да се прифати ова што се предлага и да се земаат предвид сите дискусии за да имаме една конечна верзија многу поубава, посолидна за да не создадеме друго лошо, да не створиме од едни газди некој други поголеми газди кои што секогаш ќе не чукаат по глава. Некои мисли дека директорите не треба да земат ништо. Така не се слагаме. Без разлика дали е тој директор комуниста или било што, ние не можеме тие луѓе да ги тргнеме, тој директор има брат или сестра и една плеада од комунисти да ги тргнеме на страна, каде што си ти, не сум комунист туку сум ова, па ти биди директор. Така не може. Сигурно, генерации треба да поминат па да настане некоја промена. Меѓутоа, во основа општествениот капитал и неговата припадност ќе го диктираат темпото на развој, односно темпото на припадност и на партија. Ништо чудно нема да биде ако некој вчерашен комунист биде капиталист, кој има, има. На кој начин стекнал, стекнал, меѓутоа има. Јас знам луѓе кој што имаат и добро е што имаат. Добро е да ги вложат средствата за обновување на основните средства и за поголемо производство. Јас знам една фабрика каде што е веќе

извршена трансформација исправно или неисправно, не сакам да дадам оценка, меѓутоа се постигнува големо производство, се зема голем личен доход иако некој вели дека таму газда е директорот. Па, газда е, има еден друг газда еден американец со 51% од сите вложувања.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, веднаш на почетокот да кажам дека го поддржувам законот за трансформација, на општествениот капитал, ќе бидам многу краток, сакам само да дадам поддршка на господинот Душан Трпчевски, Тодор Петров и Трајан Мицевски.

Прво, предлагам исто така, Владата да има предвид кога ќе го подготвува новиот предлог на закон да има предвид да се изврши прво денационализација на имотот кој е направен во раните години во 1948 година, од 1945до 1950 година, бидејќи имотот кој што го имаат стекнато дотогаш наречени барем така своевремено ги нарекуваат ратни богаташи или било како не можеа тие на никој начин да вршат експлоатација на работникот од причини што во 1912 година беа под турско ропство, од 1912до 1917 балканските војни, па и првата светска војна, од 1918 до 1941 година се под кралството на СХС, од 1941 година до 1944 година веќе се под диктатурата на Цар Борис кога тој македонски народ успеа да изврши експлоатација на тој македонски народ па да се нарече буржоазија, истиот тој народ како што се случи со девизите, што е преседан во историјата, национализација им е извршена на милијарда долари во ова време каде што или со Уставот никаде не пишува дека може да се изврши национализација на таков имот. Затоа. уште еднаш апелирам и предлагам да се изврши прво, денационализација на имотот од 1945 до 1950 година и подоцна што е изработен, а исто така да се води сметка за средствата кои им

припаднаа на граѓаните кои се заработени со пот во прекуокеанските земји или во европските земји. Бидејќи сносат голем дел од одговорноста и самите работни организации, бидејќи доста организации немаат свои девизни средства, но директорите кои што патуваат во странство им се исплаќаше дневници од тие девизи или се купува репроматеријали или алати и машини. Затоа, предлагам ова Владата да го има предвид и исто така да се изврши преиспитување на монополските организации. Чинам дека треба да се има предвид исто така Владата за оние организации кои што потпаднале под стечај, а има доста голем дел работници, бидејќи јас имав поставено и едно пратеничко прашање свои средства за вработување, а истите средства не им се вратени на тие работници, бидејќи фирмите отидоа под стечај работниците останаа, во Заедницата за вработување, а сега тие работници не можат бидејќи се отвораат нови организации под ново име, а истите работници остануваат незаштитени, остануваат како невработени, иако учествувале со голем дел со свој удел во тие организации, затоа што во некој вид тие се буквално акционери кои средства вложиле за нивното вработување.

Апелирам во таа смисла тоа Владата да го има предвид.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас доколку се јавив односно се јавив во вчерашниот ден мојата дискусија ќе беше многу подолга, меѓутоа, сега морам да бирам некои зборови и нешто да скратам од мојата дискусија. Меѓутоа, сметам дека денеска се донесува еден голем акт кој опфаќа на некој начин сите граѓани кои живеат во Република Македонија, сите семејства и мислам дека ќе бидеме одговорни за оваа работа како би ја оцениле дали ќе одговори на стопанството на граѓаните на вработените овој закон или пак ќе одиме спротивно со интересот на граѓаните. Да појдеме од општествениот

капитал кој на некој начин да го трансформираме. Друго решение не постои. Мора да оди во приватни раце. Туку како да оди во приватни раце и на кој начин. Прво да видиме како е создаден тој општествен капитал. Општествениот капитал е создаден исклучиво само од трудот на работникот,од доходот. Има некои искажувања дека се позајмувани средства од ФНП, РФНП, кредити, инвестициониот фонд, локален, републички, сојузен,па од таму се изградени овие. Јас тоа го демантирам. Тие средства се вратени од трудот на работникот или ќе бидат вратени. Според тоа, ако сме создале еден можам да го наречам државен социјалистички капитализам за подобро на граѓаните, сега, денес донесуваме решение,закон тој капитал од материјални вредности да го трансформираме во парична вредност, за да биде, немам други зборови на куп ставено да има некој поголема контрола на него и да ги поделува за кои сврхи за поттикнување на стопанството за пензиите и некои други трошоци. Јас така не би се сложил. Од еден капитализам одиме во државен капитализам кој го имавме после ослободувањето, комисии, надзори, кои постоеја, се оттргнавме од таквите работи, сега пак ги воведуваме Агенција. Што претставува таа агенција, јас сметав дека таа агенција треба да претставува стручна организација, стручно тело кое ќе даде помош на постојните организации како и на кој начин да се трансформира капиталот, а не и да управува, не и да раководи, а не и да ги прибира средствата и уште одозгора да изврши поделба, па дури и да предлага и да става под принудна управа работниците кои што создавале 40 или 45 години, да ги става под принудна управа. Сметам дека е промашено со предлогот, со проектот за агенцијата. Мислам дека таа агенција треба да биде само стручно и тоа да биде формирана од Парламентот од Собранието а ќе некој друг орган да формира. Значи, кога се средствата вака добиени и користени, на кого му припаѓаат тие средства.

Дали на Собранието на Република Македонија, не. Дали на Владата, не. Или на некоја друга организација. Само на работниците што учествувале во создавањето на тој доход им припаѓа. Сега треба да се изнајде како и на кој начин да се подели тој имот. Сигурно, дека ќе има неправда но да изнајдеме како ќе можеме најблиску да дојдеме до работникот да учествува во тој капитал. Јас имам посебно принцип за тоа на кој начин тоа да се подели. Но, пред тоа би рекол, ние дали имаме попис на општествен имот кој е создаден колку изнесува во вредносни показатели? Не, немаме. Дали тој целиот имот треба да го трансформираме во приватен имот. Дали имаме сознание? Не. А јас не би рекол дека целиот треба да го трансформираме, туку еден дел, пошто сме држава Македонија не можеме сега да го трансформираме во приватен капитал а утре да градиме слични такви објекти, државно претпријатие да градиме и да ставаме данок на граѓаните за градба на таквите објекти. Да се пресметаме и да видиме што треба за државата да ги потргнеме за државни претпријатија да остане за потребите на Армијата, за потребите на државните работи што треба за производство, тие да ги потргнеме,да потргнеме за јавни претпријатија, да ги тргнеме настрана, да го оставиме оној другиот имот и да направиме попис на тој имот колку изнесува во долари. Претпоставка е, немам точни податоци, дека таков имот имаме некаде околу 20 илјади милијарди долари. Нека тој 50% остане за понатаму распределба како што е во земјоделството, како што е во енергијата, електроенергијата, рудници и други имоти за понатамошна и подоцна поделба и ќе остане некаде околу 10 милиони долари. Ако тоа го поделиме на граѓаните, тоа ќе биде некаде од прилика 5 илјади долари ќе има граѓанинот, Дали така треба да го поделиме на граѓаните кои живеат, кои се родени и кои работеле ЈЗО Македонија. Сигурно,еден дел можеби треба, но не целиот. Мојата аналогија за поделбата е 50% од капиталот да се подели на работниците кои

работеле од 1944 година, па до денес. 50%, а 50% да се подели на граѓаните.„Како да се направи таа поделба да се направи збир на годините на работниот стаж секој кој има работен стаж за пензија без разлика на работа дека работел, дали во тоа претпријатие или бил во општина. Затоа што и општината нешто помогнала и претседателот помогнал кој потпишувал гаранции за добивање на таквите средства и можеби сигурно не спиел неколку ноќи и повеќе време, така што неправда ќе направиме ако поделиме само на тие работници кои што работат денес во претпријатието. Мислам на сите по стажот. Другиот дел да се подели по годините на граѓаните, на збирот и да се даде. Од овие два принципи, другиот, се друго мислам дека отпаѓа. Некој ќе каже ќе направиме богати граѓани, богата ќе биде државата. Средства на државата ако треба во секое време можеби намали или зголеми стапката за данокот. Ако ја зголеми стапката при ваква поделба на имотот, има од каде да се наплати данокот, така ќе биде државата брзо богата. Ако пак стапката да ја намали, ако немаме од кого да наплатиме значи нема наплатуваше. Мислам дека требаше да биде присутно и попис на имотот односно делбениот биланс со поранешните републики односно со поранешната СФРЈ колку имаме имот заеднички што треба да го поделиме. Сигурно тоа е друга тема, меѓутоа, тоа треба да биде присутно ние да го знаеме како Македонија, а дали тоа ќе ни се прифати од другите републики, дали така ќе биде, меѓутоа да го знае. Да знаеме колку имаме динарски средства, колку имаме во девизни средства, колку имаме во материјални вредности во згради и други објекти што ги има и тие на некој начин да бидат присутни при оваа поделба да имаме со колкав имот располага Република Македонија.

Исто така, би требало да ги знаеме колку се вработени и колку се невработени, па да ги бараме решенијата. Јас не сакам да зборувам за социјала, меѓутоа законот како се нуди ќе ги откупат некои кои имаат пари дали тоа од земјата или од странство 50% ќе бидат можеби отпуштени работници, такво решение ќе го најдеме, па дали тогаш ќе имаме мир или немир. Ние можеме лесно да се справиме со надворешниот непријател, ама со внатрешниот многу тешко ќе се справиме поготово со социјала. Тоа не смееме да го дозволиме, и мораме да ги изнаоѓаме решенијата. Притоа, уште би требало да беа пресметките, калкулациите, пописот,сознанието на граѓаните што им е бесправно одземано од 1944 година, па до денес а по пат на експропријација, национализација, конфискација, незаконито, или по пат на поклон што е поклонето од граѓаните на државата приморан со притисок или пак што им е одземено без никаков документ присилно што им е одземено на граѓаните да го имаме тој попис колкав е, колку тие средства и дали тие средства даги платиме и вратиме. Сигурно, при поделбата и продажбата на општествениот капитал на земјиштето на кое се изградени тие објекти,тоа било приватно земјиште одземано и да нема никаков удел граѓанинот од тоа земјиште што е негово, тоа земјиште е платено со^ злато дали од општина дали од продавачот платено е тоа земјиште а денес да не располага.

На крајот сум и барам да се прифати само поделба на граѓаните и на работниците. Потоа поделба и на граѓани и на работници и да се додаде работници кои работат во дотичното претпријатие. Доколку ваквите алтернативи не се прифаќаат барам да се распише, и да се спроведе референдум пред граѓаните и граѓаните да се изјаснат за ваквата состојба. Сматам дека овој закон е еден од најбитните и најважните закони за македонската држава. Од овој закон ќе зависи

понатамошниот развој. Доста се изнесуваше за тоа какво ќе биде управувањето со акционерското друштво после тој имот кој ќе управува со него. Ние имаме три фази во производството. Прва е извршната функција, втората е раководната и третата е управната функција. Тие функции постоеле и во капиталистичкото општество, во секое општество и денес постојат кај нас. Извршната функција ја оставаме.

**ТЕОДОСИЕ ПАУНОВ**: (Продолжение)

Што се однесува до раководната функција iсе раководи директор со таа организација. Директорот може да се договориме и да се донесе во законот нема право на акциите што ги создава претпријатието. Директорот ќе с назначува по пат на конкурс, ќе се назначува лице способно кое ќе раководи со таа организација.

Во врска со управувањето што управуваат акционери, какви такви, управен одбор на акционерите. Мислам со тоа бис е решило. Се враќам сега пак при поделбата на имотот, може да биде со неплатени акции кои може да се плаќаат во рок од десет години секој акционер кој ги добил акциите да ги плаќа нив, секоја година капиталот за една десетина ќе се зголемува, претпријатијата ќе вршат проширена репродукција со тие средства. Тоа е едниот начин.

Вториот начин е давање под лизинг со одредена камата но сепак враќањето на средствата е со зголемување на производството, со зголемено производство, зголемен данок, богата држава и ќе можеме да се справиме и да излеземе пред светот како држава која за кратко време би створила повисок доход по граѓанин. Не можам во никој случај да се согласам и понатаму да школуваме кадри, а за нив да нема работа како што штрајкуваа за работа лекарите кои беа пред Собранието. Навистина жалосно е да учи толку години, да скапува по подрумите, а потоа да нема работа. Не смееме тоа да дозволиме. Ние се залагаме за пазарно стопанство, се откажавме од договорната економија. Во пазарното стопанство мора да имаме план, програма почнувајќи од образованието, здравството и во сите сфери треба да имаме програма за развој, Кој ќе го спроведува тој програм? способниот ќе го спроведува, меѓутоа без проблем не смееме и натаму да одиме вака како сега што немаме програма, што немаме план за работа.

Се залагам да изработиме програм и планови за работа најмалку за 20-30 години, каде ќе води Македонија. Јас се согласувам дека денес во услови на војна дека не можеме тоа се одеднаш да го направиме. Еве пред нас колку се закони според програмата на Собранието, Собранието треба да ги донесе. Се согласувам дека имаме потешкотии, меѓутоа програми за развој мора да имаме. Јас се залагам за ова, меѓутоа сакам да потенцирам со законот кој што е предложен сега јас не се согласувам. Законот тотално мора да се промени, јас немам други зборови да кажам, но тотално не одговара на денешниот развој и степен на стопанството, не развиени со ниски лични доходи гарантирани лични доходи на секој чекор не чекаат штрајкови и проблеми а ние уште повеќе нив ќе ги зголемуваме. Јас не би се согласил и не би дозволил.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Бидејќи се договоривме на дискусиите да нема реплики беше речено дека на крајот може некој да се пријави евентуално себе да се дополни или евентуално да коментира нечија дискусија која може да се подвете во коментар или реплика. Јас го користам тоа право ако ми биде дозволено да кажам накратко одреден коментар околу генезата на сопственоста која објективно во сите дискусии кои што беа овде 25-30 провејуваше. Имаше три тези во главно и тоа дека им припаѓа комплетно на работниците во стопанството кои го создавале тоа е едната теза.

Втората теза е дека комплетно не им припаѓа на нив туку им припаѓа на сите граѓани.

Третата теза која јас ја заговарав дека им припаѓа и на едните и на другите, но не под исти аршин, туку онија кои што создавале во

организациите треба да им припадне тоа што го создавале со сопствени средства и што со постојните закони нормално и реално го создале, а оние кои не создавале, кои да речам повеќе расипувале на тие објективно нема што да им припадне. Така да мојот приод е дека не треба сите да се подведат под исто клише, под исти аршин бидејќи практично секој случај е за себе. И да дополна одредено мое мислење на оние кои тврдат дека треба да им припадне на сите граѓани. Јас поставувам дополнително едно прашање, во каква улога во таа формула и во тој приод ќе се најде»имотот на приватниците кој под истите услови во последните години како што е создаван општествениот имот е создаван и приватниот имот. Дали се тоа бифиња, одредени фарми, купена кола, купена викендичка, купен пловен објект итн. кои што се создавани под исти услови. Земен кредит од банка вратен кредитот на банката, станал сопственик. Во фирмите велиме земал кредит од банка, земал кредит од надвор, дал сопствени средства, го вратил кредитот на банката, го вратил надворешниот кредит испаѓа дека не е негово. Прашањето е од прилика, дали и другиот создаден имот ќе биде на сите граѓани. Доколку е така мислам дека многу поедноставно ќе биде прифатен од сите граѓани бидејќи сите ќе сметаат на секаков имот. Во спротивно тезата дека јас што сум го створил тоа е мое а туѓото е и мое и твое од прилика не држи. Тоа беше мојот коментар, а бидејќи имаше многу забелешки на моделот, а никој не даде забелешка дека не треба да се оди во трансформација од прилика јас размислувам да поставиме две прашања овде пред Парламентот, пред пратениците.

Првото е дали сме за потребите на трансформацијата за кое јас лично би се изјаснил за, а ако ме прашате дали сум за овој модел кој се предлага јас лично сум против, и предлагам да има такви две прашања па да ги видиме и едното и другото.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Јас сум заговорник да се чие мислење се сослуша, секој да има право да каже она што мисли, да само низ различитости се доаѓа до прави вредности, меѓутоа сакам да укажам на една голема опасност која може да не одведе во други води, а тоа е опасноста на меѓусебно етикетирање, на меѓусебно ловење затоа што неприличи на демократија на демократска земја, а ние се определивме за едно такво граѓанско општество во кои што се битни слободата и правата на луѓето. Јас сакам да кажам една работа што ја реков некој другари, денеска во светот после распадот на комунизмот се створи еден огромен антикомунизам. Многу учени луѓе меѓу кои и Хавел велат дека единa работа што е по опасна од комунизмот тоа е антикомунизмот. Мислам ние од таа работа треба да извлечеме заклучок секаде~што може да не одведе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор ( не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Да се договориме околу заклучувањето бидејќи во врска со тоа имаше предлози. Јас сега би дал е ден предлог кој сакал да го образложам.

Јас мислам дека имавме една многу долга, исцрпна и богата расправа. Таа расправа е богата по различитоста во погледите кои беа овде изложени, по различноста на идеите и по различноста на предлозите кои беа дадени. Колку што јас можев да чувствувам ја следев расправата. немаше овде искажувања против предчогот да се донесе закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, иако имаше некои идеи што е тој процес, тој процес не е само трансформација на претпријатието туку е тој процес на окончување на

егзистенцијата на општествениот капитал, тоа е суштината на овој процес, а тоа од насловот овде не произлегува и треба да се поразмисли како ќе се вика тој закон. Или пак ако имаме некои идеи да може да постои тој општествен капитал заедно со службите што настанале со него и го следат тоа е друга работа и тоа е друга идеологија од онаа што беше вградена во Уставот. Имаше овде и други забелешки мислам повеќе инсинуации отколку аргументации, ама не можам да ги земам како основа дека има колебање околу тоа да се донесе закон со кои се окончува постоењето на општествениот капитал и тој се трансформира во приватен, јавен итн. јавна сопственост, приватна сопственост итн.

Затоа предлагам тој дел и покрај тоа што некои искажувања даваа сомнеж во тие работи бидејќи немаа основа во расправата, нема ни лаборација да не го поставуваме како прашање, туку мислам можеме да заклучиме дека сите ние во предлогот на заклучокот да одиме директно дека се согласуваме со предлогот за да се донесе закон за трансформација како што се вика сега, а името нека се подеси точно како треба во согласност со расправата.

Второ што предлагам е нашиот заклучок да му овозможи на предлагачот темелно да ги проучи сите различни предлози кои што овде беа дадени. Да процени кои од тие предлози вистински се алтернатива

на некои од содржаните во сегашниот текст, во идејата што ја имаат да процени дали и колку се прифатливи за предлагачот и зошто се прифатливи, да ги проучи со внимание другите предлози за кои мисли дека се неприфатливи па да даде и една елаборација, една аргументација овде па на тој начин да се овозможи едно сучељавање на простудираните аргументи и една додатна аргументација од Владата, ама на седница на Владата утврдена итн. со што ќе ги отстраниме најголем број од дилеми кои вака искажани овде ќе кружат и во јавноста

и меѓу народот и меѓу сите оние кои имаат интерес во врска со ова и да не излезе дека ние не им посветуваме внимание на искажаните работи. Друга работа е што од тоа е прифатливо, колку е прифатливо, со кои аргументи се кажува дека не е прифатливо итн.

Овие два заклучоци би биле содржина на нашите заклучоци. Тие ставови би биле содржина на нашите заклучоци. Зошто ги предлагам овие два заклучоци?

Прво, мислам дека немаше сериозно колебање околу тоа дека е потребно да се донесе ваков закон.

Второ, заради тоа што ние мораме целиот народ да го убедиме дека два дена седиме не за да си кажеме нешто едни против други, не заради тоа што едно со други не се согласуваат, па се караат итн. туку ние овде два дена седиме во едно темелно барање на разните можни идеи и решенија и сите тие решенија заслужуваат да бидат најсериозно проучени и само со јаки аргументи и образложенија да можат да бидат прифатени или одбиени." На тој начин ние ќе докажеме оти како Парламент сериозно се занимаваме со нашите задачи оти на оние кои работат за нас на пример овој пат Владата и даваме можност на еден начин студиозен да може да седне на овие сите изнесени идеи да седне и потоа да ни даде одговор, а не на брзина заради импресии по уво чуени овде и заради дисквалификации или жешки дискусии одиме кон конкретни решенија. Ова е преголема работа и предолгорочна работа за да може така на тој начин да се одлучува. Заради тоа предлагам следните заклучоци.

Прво, Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за трансформација на приватизацијата со општествен капитал, при тоа и даваме на Владата слобода да даде име точно како треба имајќи во вид се овде што е кажано.

Второ Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата да изготви и на Собранието да му достави Нацрт на закон при што да ги има во предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието и укажувањата, предлозите и забелешките доставени до Собранието како и дискусиите изнесени на вчерашниот и денешниот тек на седницата.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на Комисијата за стопанство, Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за земјоделство и шумарство, Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за градежништво и урбанизам, Законодавно правната комисија, укажувањата, предлозите и забелешките доставени до Собранието како и извадокот од стенографските белешки на седницава овде да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за развој.

Има збор господин Станковски.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Јас само едно дополнување на заклучоците. Во дискусијата предложив ако е можно, а мислам дека е можно нацртот на законот да дојде веднаш, а тоа би било на 42-та седница, бидејќи 41-та веќе е закажана, од причини што мислам дека многу време се изгуби со овој закон и сега повторно ќе се чека да се види што понатаму и како понатаму. Мислам дека би било многу пооперативно ако нацртот биде што побрзо.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мислам дека еднакво како и ние и Владата е заинтересирана брзо да го сработи,така да ќе гледам причина сега за врзување. Тоа е и нивни интерес да го направат.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Благодарам,

Дали има некој против (1)

Дали некој се воздржува од гласање (3)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок. Сега е 14 часот, а јас сакам да ве консултирам бидејќи сега ќе мораме да дадеме пауза меѓутоа ако не сме во состојба како вчера да се собереме и веднаш да почнеме, тогаш е подобро да почнеме утре, а секако ќе работиме утре, а останатите часови да си ги искористите сега отколку да дојдеме во 15,30 или во 16,00 часот па во 17,00 да прекинеме, само да го изгубиме и овој ден до крајот, а утре пак да седиме и да работиме.

Дали се согласувате (пратениците се согласија)

Значи се договоривме утре во 10,00 часот продолжуваме со работа (седницата прекина со работа во 14,00 часот.